Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ШКА-ПХВ
ККА-РVН




# ПРОЕКТИ 2013

CIVICA mobilitas
...towards common values!

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Центар за **ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ** - ЦИРа
www.cira.org.mk

*Минатата година порачавме, ја очекуваме следната ПХВ генерација, да видиме што им оставивме во наследство и колку можаат да направат. И ни покажаа, сработија до сега рекордна бројка од 202 мали проекти. Неверојатно покачување од 49 проекти споредбено со минатата година. Навистина честитки во името на целиот тим и во името на нашето цело Национално друштво.*

*Младите повторно покажаа дека можаат, дека сакаат, дека се способни, дека се кретивни...ние треба да им дадеме простор, да ги поддржиме, поттикнемеи да веруваме во нив. Магијата која што тие се создаваат околку себе лесно се пренесува од еден на друг. Секој треба да научи да не ја потценува моќта на хуманоста на некој друг, без разлика на годините. Доколку желбата за промената е иницирана од срце таа навистина ќе предизвика лавина на позитивни случувања во општеството.*

*И уште еднаш, светот навистина може да биде поубаво место за живеење. Зависи од сите нас....*

*Подготвени сме за наредниот циклус и за наредната ПХВ генерација.*

Со среќа
ЦКА-ПХВ тим

## ООЦК Берово

**Ние не правиме големи дела – правиме мали дела, но со многу љубов**

Целта на овој проект беше помош на малата Сања Кацарска од с. Умлено, која е девојче од социјално загрозено семејство. Сања е интровертно девојче кое живее во потешки животни услови. За да и помогнат младинците организирале неколку собирни акции, преку кои успеале да соберат доволно финансиски средства за да и обезбедат бесплатна хранарина на Сања, калиева печка, облека и материјални средства.

***Оценет:*** 4 +

***Изработиле:*** Бојана Стојановска, Параскева Станоевска, Симона Цонева, Анита Јовановска, Сашко Павлов и Димитар Митровски
***Дисеминатор:*** Слободан Пандов

## ООЦК Берово

**Посвети внимание, сподели среќа**

Целта на овој проект беше да се помогне на семејството Мирчовски, повеќечлено семејство од Берово, разубавувајќи еден нивен ден и донирање на средства за основни животни потреби. За да ја остварат оваа цел, младинците организирале повеќе хуманитарни собирни акции преку кои биле собрани 3. 500 денари со кои потоа биле купени облека, храна, детергенти и средства за лична хигиена кои потоа биле донирани на семејството.

***Оценет:*** 4 +

***Израбориле:*** Радинска Сара и Беќирова Танкица
***Дисеминатор:*** Слободан Пандов

## ООЦК Берово

**Разубави нечиј ден, зашто ќе ти биде потребно и тебе некој да ти го разубави денот кога ќе ти биде сé црно**

Целта на овој проект беше да им се покаже на децата од домот за деца без родители во Берово дека не се заборавени. За постигнување на оваа цел младинците кои го изработиле овој проект им приредиле изненадување, односно им организирале екскурзија до скијачкиот центар Пониква. Во соработка со главните во скијачкиот центар, неколку туристички агенции и хуманите луѓе од Берово, младинците го спровеле овој проект и успеале да ги усреќат децата од домот за деца без родители.

***Оценет:*** 4+

***Изработиле:*** Тамара Пецуровска, Рената Камкинска и Ивана Аврамова
***Дисеминатор:*** Николија Шахпаска

## ООЦК Берово

**Мало внимание за голема радост**

Целта на овој проект беше социјализација и дружење со децата со посебни потреби од домот во Берово, и донирање на новогодишни

пакетчиња. За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред организирале собирна акција преку која успеале да соберат 3. 000 денари. Овој проект исто така бил поддржан и од две локални продавници кои донирале училишен прибор. Со собраните средства биле направени новогодишни пакетчиња кои биле подарени на децата од центарот на мала пригодна свеченост.

***Оценет:*** 4 –

***Изработиле:*** Стефанија Сирачевска, Марија Нестоска и Катерина Каламадевска
***Дисеминатор:*** Слободан Пандов

## ООЦК Битола

**Потребни се раце за да се изгради куќа, но срца за да се изгради дом**

Целта на овој проект беше да се обезбедат парични средства за купување на прехрамбени производи, да се обезбедат апарати за домаќинство и некои предмети кои се неопходни во домот на тричленото семејство од с. Лера. За да се оствари оваа цел беше изведена драма, која младинци кои го изработуваа овој проект ја напишале и ја извеле. Биле продадени 420 билети и преку оваа активност тие успеале да соберат вкупно 25. 200 денари. Со собраните средства биле набавени половни апарати за домаќинство: шпорет и ладилник кои биле донирани на семејството.

***Оценет:*** 5 ++

***Изработиле:*** Симона Митревска, Сара Трајчевска, Марија Костовска,

Никола Поповски, Стефан Ѓоргиевски и Флип Стојчевски
Дисеминатор: Александра Ристевска

## ООЦК Битола

**Подари внимание, сподели надеж**

Целта на овој проект беше организирање на посети на старите лица во старскиот дом „Сју Рајдер" од Битола, како и посети и дружење со децата од Депандансот и донирање на рачно изготвените украси предмети. За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред набавиле кондиторски производи, овошје и рачно изработени украси и разубавување на еден ден на старите лица, како и на децата од Депандсот, и потоа со пригодните подароци направиле посета и дружење со лицата од својата целна група.

***Оценет:*** 4 ++

***Изработиле:*** Стојчевски Гоце, Нечовска Емилија, Талевска Сандра, Стојчевски Ѓоѓи. Груевска Ивана, Коруновски Андреј
***Дисеминатор:*** Александра Ристевска

## ООЦК Битола

**Најдобрите нешта во животот се бесплатни**

Целта на овој проект беше помош во совладување на потешкотиите во математика, хемија и англиски јазик на Боше, кој потекнува од социјално загрозена средина и е дете под старателство. За да ја остварат оваа цел 5-те волонтери кои го реализираа овој проект, направија распоред на часови и

се договорија да му помагаат во текот на целата година во слободното време на Боше. Благодарение на посветеното време на волонтерите, и нивниот континуиран труд во текот на реализацијата на овој проект училишниот успех на Боше беше значително подобрен.

***Оценет:*** 4 +

***Изработиле:*** Сара Трајчевска, Симона Митревска, Катреина Теговска, Дамјан Бајовски
***Дисеминатор:*** Александра Ристевска

## ООЦК Битола

**Еден миг среќа, 1000 години слава**

Целта на овој проект беше разубавување на Новогодишните празници за 40 деца од социјално загрозени семејства. За да ја остварат оваа своја цел групата волонтери кои го изработија овој проект најнапред организирале повеќе собирни акции во својот град преку кои успееја да соберат доволно парични средства за да набават 40 новогодишни пакетчиња, кои потоа биле подарени на деца од социјално загрозени семејства, од прво до шесто одделение.

***Оценет:*** 4+

***Изработиле:*** Јовица Лозановски, Суад Алиловски, Елвин Мифтари, Мартина Јовановска и Марија Христовска,
***Дисеминатор:*** Александра Ристевска

## ООЦК Македонски Брод

**Малку хуманост за многу среќа**

Целта на овој проект беше финансиски да се помогне на д-р Ѓоре да ја плати својата терапија после неговите 5 успешни операции за рак на дебелото црево, за да може да го продолжи својот живот. За да се оствари оваа цел биле организирани мобилни донации и отворени банкарски сметки. Преку овие активности биле собрани вкупно 10. 801 денар кои потоа биле префрлени на трансакциската сметка на д-р Ѓоре Игнатовски.

***Оценет:*** 4+

***Изработиле:*** Стојчевски Симона, Димовска Дијана, Марковска Ивона, Стефан Настески, Јулија Николовска и Никола Андрески
***Дисеминатор:*** Божиновска Сања

## ООЦК Валандово

**Капка крв спасува живот**

Целта на овој проект беше мотивирање на граѓаните од општина Валандово да дуруваат крв сé со цел да се зголеми бројот на крводарители во општината. За овој проект да се оствари младинците реализирале трибини на оваа тема  кои ги проследиле многу луѓе, делеле анкети на граѓаните, организирале крводарителска акција, лепеле плакати и сл. Со активноста ја зголемиле свесноста за доброволно дарување крв кај граѓаните на општина Валандово.

*Оценет со:* фаза 5

*Изработиле:* Милица Димова, Станка Милошевска, Ружица Нанова, Ивана Димитриева и Тијана Лазова
*Дисеминатор:* Васил Митев

## ООЦК Валандово

**Со игра и спорт со хумани цели**

Целта на овој проект беше собирање на парични сретства за семејството Пејови од село Удово со цел да се ублажат тешките животни услови на ова семејство. Најнапред до ЕВН Македонија било испратено барање, во вид на спонзорство, за да се намали долгот на семејството за потрошената струја. Потоа бил одржан хуманитарен натпревар во одбојка. Со собраните средства од оваа активност биле купени прехрамбени продукти и средства за лична хигиена кои биле донирани на семејството.

*Оценет:* Фаза 5

*Изработиле:* Ѓетов Костадин, Тенеќиџиева Верица, Стаменковска Ѓорѓина, Џајковска Елена, Рунтова Нина и Наумова Тања
*Дисеминатор:* Васил Митев

## ООЦК: Валандово

**Побудија хуманоста во тебе**

Целта на овој проект беше помош на едно повеќечлено социјално

загрозено семејство од  Валандово. Младинците од Валандово за да ја остварат својата цел организирале училишен пазар и успеале да соберат парични сретства. Со собраните сретства учениците обезбедиле прехрамбени продукти и производи за лична хигиена кои потоа ги донирале на семејството.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Верица Горенова, Антигона Танчева, Љубица Атанасовска, Симона Монева, Даниела Монева и Атена Тијанчева
***Дисеминатор:*** Васе Митев

## ООЦК: Валандово

**Да научиме заеднички**

Целта на овој проект беше децата со коишто се работеше да научат нешто повеќе за Црвен Крст и неговите активности, да ја побудат хуманоста во себе, а подоцна и тие самите да станат членови во Црвен Крст. На тој начин учениците се запознале со активностите и работата на Црвен Крст, а своите знаења би можеле да ги пренесуваат и на своите врсници, па така би се зголемиле бројот на волонтери и членови во Црвениот Крст.

***Оценет со:*** Фаза 4

***Изработиле:*** Мајкл Нечков, Катица Донева, Верица Донева, Анка Андонова и Павлинка Ѓорѓиева
***Дисеминатор:*** Васе Митев

## ООЦК: Валандово

### Добро здравје, здрава љубов

Целта на овој проект беше подигање на свеста кај младите за сексуалното здравје, компликациите и последиците коишто можат да се појават и како да се справат со нив. Овој проект беше наменет за младите над 14 години и за таа цел биле одржани две предавање од стручни лица гинеколози во СУУ Гоце Делчев и едно предавање во Домот на културата, на тема здрава сексуалност.

***Оценет со:*** Фаза 4—

***Изработиле:*** Марија Филова, Елена Тушевска, Марија Рунтова, Марија Аџиева, Бојан Николов, Здраве Мицев
***Дисеминатор:*** Васе Митев

## ООЦК Велес

### Хуманост е дело кое може да си го дозволи секој

Целта на овој проект  беше собирање на парични  сретства  за патни трошоци и лекувања во странство за Никола -11 годишно дете кое боледува од резистентен вид на парцијална епилепсија. За оваа цел да биде постигната, младинците автори на овој проект организирале голема собирна акција на парични средства во своите училишта . Тие исто така организирале и хуманитарен настан на кој извеле своја драма.  Потоа организирале и натпревар по карате, средношколска забава во своето училиште и уште многу други забави по различни локали во градот. Од сите овие хуманитарни активности успеале да соберат 60509 денари кои беа

предадени на мајката на Никола.

***Оценет со:*** 5++ ☀

***Изработиле:*** Наталија Стојчевска, Пале Јанева,Катерина Ѓорѓиева, Цветанка Димовска
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

**Бидете хумани, донирајте променете го животот на другите**

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за операција на малиот Рамазан од с. Мелница. За оваа цел да биде постигната младинците најнапред организирале голема собирна акција за прибирање на парични средства во својот град. Тие исто така организирале и голем хуманитарен концерт со мултикултирен карактер на кој учество зеле голем број на изведувачи од различни етнички групи кои живеат во Македонија, кои преку песна ја промовираа својата култура и јазик и упатија порака за хуманост, мир и соработка до сите присутни.
Средствата собрани од сите овие активности биле потоа предадени на родителите на малиот Рамазан, за негово понатамошно лекување.

***Оценет со:*** 5+☀

***Изработиле:*** Ердуан Латифи, Јетмир Идрзи, Селами Адили, Драгана Даневска, Цветанка Мирова
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

**Со хуманост за подобро утре**

Целта на овој проект беше собирање парични средства за набавка на лекови на сограѓанинот Славче, тој боледувал од ретка болест на црниот дроб. За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред одржале хуманитарна претстава, која била подготвена од страна на учениците од Гимназијата “ Кочо Рацин “. Преку оваа активност биле собрани 6095 денари. Следната активност била собирна акција од врата до врата и од оваа активност вкупно биле собрани 4376 денари. Собраните средства потоа биле предадени на родителите на Славче.

***Оценет со:*** фаза 5 +++

***Изработиле:*** Маја Пачукова, Бојана Миланова, Стефани Јовева, Кристина Ивановска
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

**Со хуманост до стекнување на голем број знаења**

Она што го разгори хуманото жарче на учесниците на овој проект беше приказната за Даниела која е седмо одделение и има потешкотии при учењето. За таа цел беа организирани едукативни часови на коишто на Даниела и беше пружена помош во совладувањето на нејзиниот наставен материјал. Интересно е што сите акции коишто биде организирани од страна на младинците на Црвениот крст биле тајни и претставувале огромно

изненадување за родителите на Даниела. Најважно од сé било тоа што на Даниела и било помогнато, и таа го надминала проблемот којшто го имала.

***Оценет со:*** 5 +

***Изработиле:*** Бети Радевска, Александра Здравкова, Никола Бошевски, Виктор Тумбов, Трајче Стојанов и Александар Андреевски
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

**Подај рака за подобра иднина**

Целта на овој проект беше да се покрие дел од финансиските средства кои беа неопходни за оперирање на 7 годишната Тамара, чии родители се невработени. Младинците кои го изработија проектот организираа неколку собирни акции во основните училишта, соработуваа со Театарот во Велес и хуманитарно беше одиграна претставата "Жени", продадоа рачно изработен накит по повод 8-ми Март, а во училиштето на самата Тамара и организираа хуманитарна забава. Преку сите овие активности тие успеаа да соберат 10.000 денари, кои потоа беа предадени на родителите на Тамара.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Кети Јованова, Елена Миланова, Маја Андова, Никола Дуков, Павле Зафиров, Мартина Ангеловска, Викторија Стојкова.
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов.

## ООЦК Велес

Заедно за подобар дом

Целта на овој проект беше да се помогне на Лидија, која е невработена и е социјално загрозена, и која заради пожар останала без мебел во куќата. Младинците кои го изработија проектот собраа 3.370 денари, преку собирни акции во училишта, кафулиња и со продажба на традиционални ЦК картички. Собраните средства потоа и биле предадени на Лидија.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Елена Ѓорѓиевска, Ирена Басарова, Косара Ивчева.
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов.

## ООЦК Велес

**Зголемена свест за поздрав живот**

Целта на овој проект е да се подигне свеста кај граѓаните на Велес, да се предупредат за опасностите од дијабетисот и да им се поделат здравствено корисни совети. Целна група на овој проект беа граѓаните од Велес, населбите од општина Чашка и село Богомила. Младинците ја остварија својата цел поставувајќи штандови на фрекфентни места, делејќи совети, мерејќи крвен притисок и шеќер во крвта. Со оваа низа на активности ја подигнаа свеста кај граѓаните за поздрав живот.

***Оценет со:*** Фаза 4

***Изработиле:*** Пепи Ристов, Владе Здравков, Филип Трајковски
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

### Подаруваме хуманост за подолг живот

Целта на овој проект беше подобрување и олеснување на животот на повеќе стари лица во градот, односно помагање на 5 осамени баби кои имаат потреба од помош при извршување на основните потреби (набавка на намирници и лекови, фрлање на отпад и т.н.). Преку овој проект се придонело за зголемување на свеста кај волонтерите за хуманост и почит кон старите лица.

***Оценет со:*** Фаза 3

***Изработиле:*** Сања Кариланова, Даниела Маркова, Никола Андреевски
***Дисеминатор:*** Анѓел Јорданов

## ООЦК Виница

### И во најтемниот тунел постои темнина постои светлина

Целта на овој проект беше подобрување на животните услови за едно од најзагрозените семејства во с. Градеш. За оваа цел да биде постигната, младинците подготвиле и одржале кратка куклена претстава за најмалите ученици од основните училишта и градинки. Преку оваа своја креативна идеја тие успеале да соберат 3000 денари со кои беа платени очилата на малиот Благој. Младинците исто така оствариле соработка и со

Домот на културата " Тошо Арсов" од нивниот град, којшто им излегле во пресрет и им дозволиле да ја искористат салата за проекција на филмот "Илузија". Преку оваа проекција младинците успеале да соберат доволно средства за да набават еден хигиенски пакет за семејството. Тие исто така испраќале барања за донации до сите поголеми компании во својот град и успеале да добијат материјал и работна рака за санирање на северо-западниот ѕид на куќата на семејсвото на малиот Благој, кој бил многу оштетен и речиси изронет од влага. Покрај ова тие успеале да обезбедат и еден половен компјутер за семејството, пакет со храна, ѕиден часовник, мобилен телефон, телевизор, компјутерско биро и училишна униформа.

***Оценет со:*** 5+++☀

***Изработиле:*** Филимена Јанковлеска, Маријана Николва, Ратко Даневски, Ангелчо Ѓорѓиев, Ана Лазарова, Димитар Панов, Александра Данилова
***Дисеминатор:*** Снежана Стоименова

## ООЦК Виница

### Хуманоста посилна од судбината

Целта на овој проект беше да му се помогне на хендикепираното лице Лозена со изградба на надворешен лифт и патека од лифтот до булеварот. За оваа цел да биде реализирана со помош на градоначалникот на град Виница г. Емил Тончев била организирана хуманитарна претстава, драмата – Ај да си речиме уште еднаш – и беа собрани 11620 денари наменети за изградба на пристапна патека од надворешниот лифт до булеварот. За лифтот, средства биле одобрени од страна на Советот на општина Виница.

***Оценет со:*** фаза 5+++

***Изработиле:*** Дамјан Павлов, Рената Ефремова, Ангела Здравкова, Тамара Илиевска, Наташа Митева, Сара Петкова, Драган Петков
***Дисеминатор:*** Снежана Стојменова

## ООЦК Гевгелија

**Кога љубовта делатвори**

Целта на овој проект беше помош на едно лице кое се наоѓало во многу лоши животни услови, неспособно за работа, со болнички третман, на листата на лица корисници на услугите на Заводот за социјална помош Гевгелија.За оваа цел да биде реализирана биле направени новогодишни честитки кои ги продавале. Од ова биле собрани 1200 денари од кои е купено ќебе и храна.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Благој Паунков, Марин Џишев, Марија Данаилова, Марија Ташурова, Цеца Србова, Марија Самараџиева, Ристе Карашабанов, Марија Бојкова, Тинка Шопчева, Павлинка Чавдарова
***Дисеминатор:*** Соња Србова

## ООЦК Гевгелија

**Топла облека и љубов за сите**

Целта на проектот беше собирање на облека за лица кои се на

работ на егзистенцијата, а живеат во колективни домови. Во период од 10 дена во просториите на СОУ„Богданци“ организирана беше собирна акција за стара облека која подоцна им беше доделена на социјално загрозените лица. Секој од нив беше задоволен од подарокот и благодарен на волонтерите на ООЦК Гевгелија.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Емилија Апостолова, Фидора Поп-Гонова
***Дисеминатор:*** Соња Србова

## ООЦК Гевгелија

**Љубовта не е достоинствена за младоста таа е најубава кога се подарува на староста**

Во Гевгелија живеат голем број на стари лица кои се сметаат за најстари граѓани во градот. Целта на овој проект беше да се помогне на баба Елица која има 80 години и дедо Ристо кој има 93 години и е најстар жител во градот. Пред концертот на Сашо Илиевски тимот кој го реализираше овој проект постави пункт со мудрости и крилатици испишани на ливчиња. Преку оваа собирна акција биле собрани 1400 ден. од кои потоа биле купени прехрамбени продукти и средства за лична хигиена. Баба Елица и дедо Ристо биле пресреќни најпрво за тоа дека некој мислел на нив, а потоа и за скромните подароци.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Благој Паунков, Марин Џишев, Марија Данаилова
***Дисеминатор:*** Соња Србова

## ООЦК Гостивар

**Помогни со твоите раце**

Целта на овој проект беше помош на петочленото семејство Реџепи, на кои им била потребна помош и апарати за домаќинство. За оваа нивна цел да биде постигната, младинците организирале и спровеле собирни акции во неколку училишта во Гостивар преку кои ги анимирале своите соученици и испатиле порака на хуманост и солидарност. Преку овие собирни акции, младинците успеале да соберат доволно средства со кои потоа купиле еден телевизор, тепих, една машина за перење алишта, правосмукалка и пакет со прехрамбени производи.

***Оценет со:*** 5 ☀

***Изработиле:*** Барије Салиу, Вјоца Зенули, Џелета Емро и Надрие Емини.
***Дисеминатор:*** Фаит Алили

## ООЦК Гостивар

**Дарувај добрина за да има среќа**

Целта на овој проект беше да се помогне на социјално загрозеното 4 члено семејство од с.Чегран. За да ја остварат оваа своја цел, волонтерите организирале неколку собирни акции во својот град. Преку овие собирни акции тие успеале да соберат 4.230 денари, со кои потоа обезбедиле прехранбени и хигиенски артикли, облека и обувки кои им биле подарени на членовите на семејството.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Афродита Џафери, Арбина Илијази, Сејхан Мемти, Влера Зуфери, Арлинда Фејзули.
***Дисеминатор:*** Фаик Алили

## ООЦК Гостивар

**Биди хуман,подари денар**

Целта на овој проект беше да се обезбеди училишен прибор и прехрамбени продукти за семејството кое е составено од шест члена и е со минимални месечни примања. За да им се помогне на членовите на ова семејство беа спроведени собирни акции во СОУ и СЕОУ „Гостивар" кои биле организирани и спроведени од страна на младинците. Преку овие собирни акции биле собрани околу 3000 денари со кои потоа биле купени прехрамбени продукти, училишен прибор и блузи за децата во семејството.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Ангела Мирческа, Слободанка Петреска, Снежана Филипоска, Ивана Анѓелкоска, Бојан Николоски, Даниел Николоски

## ООЦК Демир Хисар

**Со хуманост до посреќно детство**

Целта на овој проект беше донирање на правосмукалка на социјално загрозено семејство. За оваа цел да биде постигната беше организиран Квиз-натпревар каде главни актери на настанот беа учениците

од двете училишта ОУ“Гоце Делчев“ и ОУ“Браќа Миладиновци“ во Демир Хисар. Преку оваа активност биле собрани 5000 денари со кои потоа е купена правосмукалка која беше донирана на социјално загрозеното семејство.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Михаил Давидевски, Емилија Крстевска, Стефан Мирчески, Марија Рутевска, Виктор Апостоловски, Софија Ангелевска, Марио Велевски
***Дисеминатор:*** Славче Вељановски

## ООЦК Демир Хисар

### Спортски победи за хумани дела

Целта на овој проект беше донирање на мини електричен шпорет на едно социјално загрозено семејство кое живее во планинските предели на Демир Хисар. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале два хуманитарни натпревара од кои еден ракометен и еден фудбалски. Преку овие два натпревари биле собрани 4500 денари со кои е купен мини електричен шпорет кој беше дониран на семејството.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Стефани Матевска, Мартина Ѓоревска, Габриела Ѓорѓевска, Марија Неделковска, Кристина Нешковска, Анастасија Пауноска, Љубица Петреска, Димче Ѓоргиовски
***Дисеминатор:*** Славче Вељановски

## ООЦК Демир Хисар

**Со нашето дело до хумана цел**

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за дете на кое му била потребна трансплатација на орган и покривање на дел од неговите болнички трошоци. Целната група на овој проект беше едно болно дете од 3-то одделение од Демир Хисар. За оваа цел да биде успешно релаизирана младинците подготвиле кино-претстава во домот на културата во Демир Хисар. Драмата “Погодете кој доаѓа на вечера” која младинците веќе ја имаа подготвено била најнапред снимена во вид на аматерски филм кој потоа бил прикажан на кино проекцијата. За што поголема посетеност младинците исто така избрале и неколку нови боливудски блокбастери кои биле исто така прожектирани. Посетеноста на овој настан била доста голема, и младинците успеале да соберат 8000 денари од 260 продадени карти. Парите потоа биле донирани на семејството на детето.

***Оценет со:*** фаза 5

***Изработиле:*** Николина Цветановска, Јана Пајковска, Андриана Гроздановска, Наташа Солевска, Елена Мирчевска, Христијан Здравевски
***Дисеминатор:*** Славче Вељановски

## ООЦК Демир Хисар

**Ако не можеме да промениме дел од себе како ќе го промениме светот? Ние сме хумани- бидете и вие**

Целта на овој проект беше помош на едно социјално загрозено

лице, нивен соученик од СОУ„ Крсте Петков- Мисирков“. Младинците сакале на нивниот соученик да му овозможат незаборавна матурска вечер. За да ја остварат оваа своја цел, младинците изработиле рачни изработки кои потоа биле продавани на разни места во Демир Хисар. Со собраните пари била купена облека и обувки за ова лице да може да биде среќно и весело на сопствената матурска вечер.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Фросина Трпчевска, Николина Митревска, Марија Ристевска, Бојан Дамчевски
***Дисеминатор:*** Славче Вељановски

## ООЦК Демир Хисар

**Скриената креативност во пукнатината на интелектот, ни дава мотив да подадеме рака**

Целта на овој проект беше дружење, социјализација и помош на пациентите од ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар. За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализирале овој проект се обиделе да им дадат мотив за креативност, со што пациентите направиле ракотворби, а потоа младинците организирале хуманитарна продажба на истите. Со оваа продажба биле собрани 4340 денари со кои потоа биле купени производи кои биле донирани на пациентите за нивните потреби. Исто така, со спроведена акција беа доделени алишта за пациентите во Психијатриската болница.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Ивана Талевска, Марина Јовановска, Павлина Стојановска, Фросина Апостоловска. Ѓорѓи Митревски, Ангела Ангеловска
***Дисеминатор:*** Славче Велјановски

## ООЦК Демир Хисар

**Со хуманост за подобро утре**

Целта на овој проект беше да се донираат пакети со прехрамбени прозиводи на неколку социјално загрозени семејства од општина Д. Хисар. За постигнување на посакуваната цел младинците организирале хуманитарна забава каде што сите присутни убаво се забавувале, а воедно донирале за да им помогнат на овие семејства. Преку оваа успешно реализирана забава биле собрани 5 500 денари со кои потоа биле купени потребните продукти и истите биле донирани кај социјално загрозените семејства.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Кристијан Поповски, Елена Најдовска, Христијан Тасевски, Стефанија Калешовска, филип Цветановски, Габриела Бучуковска
Дисеминатор: Славче Велјановски

## ООЦК Дебар

**Силата и вербата немаат возраст**

Целта на овој проект беше реновирање на едно одделение од болницата во Дебар. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале хуманитарна забава на која настапувала една локална рок група. Хуманитарната забава имала многу добар одзив од целиот град, а особено од младите. Покрај оваа забава младинците побарале и донации од голем број фирми во градот, кои им излегле во пресрет со донирање на градежни материјали, бои и мебел и т.н.

Со собраните средства успешно бил саниран еден сронет ѕид во болницата, било направено варосување и се набавиле 18 душеци, 18 перници, 18 шкафови за пациентите, навлаки, јоргани и многу други мали, но и потребни нешта за пациентите кои престојуваат во Интерното Одделение.

***Оценет со:*** 5+☀

***Изработиле:*** Крешнике Марку, Едиса Црој, Сетки Фејско, Анила Казиу и Лундрим Муца
***Дисеминатор:*** Мирон Муладаути

## ООЦК Дебар

### Хуманоста пред се

Целта на овој проект беше да им се помогне на едно социјално загрозено семејство од Дебар чии членови живеат во тешки услови. За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го реализираа овој проект најнапред побарале донации во облик на материјални и парични средства во поголемите маркети, продавници, ресторани и фирми во Дебар. Преку овие донации тие успеале да соберат 9000 денари со кои потоа била купена доволно храна за семејството, облека за децата и неколку книги кои им беа

потребни на децата за на училиште.

***Оценет со:*** фаза 4

***Изработиле:*** Алмира Кагури, Блаже Стрезоски, Едмона Ќеримовска, Сара Ајровска, Денис Равмановски
***Дисеминатор:*** Јован Трајковски

## ООЦК Дебар

**Помошта е света**

Целта на овој проект беше да се помогне на финансиски загрозеното семејство Карпузи, од Дебар. За да успеат да ја остварат оваа цел, младинците организирале собирни акции преку кои успеале да соберат 12.000 денари, со кои обезбедија покуќнина и лекови за ова семејство.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Фатјона Спахиу, Агнеса Села, Џенета Куртиши, Леонтина Колеци, Блерта Бечири, Бујаре Клобочишта, Парим Бомова, Кренар Аса.
***Дисеминатор:*** Мирон Муладаути

## ООЦК Дебар

**Вие играјте, ние се радуваме**

Младинците вклучени во овој проект имаа за цел да се

социјализираат со децата со посебни потреби на возраст од 12-25 години од “Дневниот центар за деца со посебни потреби”. За да ја остварат оваа своја цел тие најпрво организирале собирни акции преку кои собрале 9.840 денари. Со собраните средства тие обезбедиле играчки и храна за децата, а дел од средствата се употребиле за уредување на “Дневниот центар на деца со посебни потреби”.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Фортуна Прапанику, Мирдон Карпузи, Елира Карпузи, Нурие Зунче, Ветон Акику, Грета Чапа.
***Дисеминатор:*** Мирон Муладаути.

## ООЦК Дебар

**Име на проектот: “Хуманост-радост”**

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство од населбата Варош, во Дебар. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале собирна акција со чија помош успеале да соберат 5000 денари, храна и облека. Собраните средства, заедно со храната и облеката, младинците потоа ги донирале на членовите на семејството Фетоски.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Греса Цапа, Адивије Клобушчишта, Саније Зенејли, Алмир Думани, Емран Фетоски.
***Дисеминатор:*** Мирон Муладаути.

## ООЦК Дебар

### Подарувај, верувај, помогни

Целта на на овој проект беше помош на една стара, осамена и болна жена која живее во населбата "Будулец" во Дебар. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале собирни акции во својот град преку кои собраа 3.560 денари и обезбедија: облека, лекови и прехрамбени артикли за оваа жена. Собраните средства потоа биле подарени на жената по повод Нова година.

***Оценет со:*** 4- -

***Изработиле:*** Фатиме Тале, Улза Фида, Ледиана Фетоска, Бајрам Џзимовски, Муберајe Косоврасти.
***Дисеминатор:*** Мирон Муладаути.

## ООЦК Делчево

### Да дариме радост 1

Целта на овој проект беше да им се помогне на членовите на едно социјално загрозено семејство кои се напуштени од таткото. За да ја остварат оваа цел младинците организирале хуманитарна забава, собирни акции и барале донации од фирми и бутици во нивниот град. Преку овие активности била собрана нова облека од детските бутици во Делчево во вредност од 7000 денари, и 4 кутии стара облека за децата и 530 ден од забавата во училиштата. Средствата кои биле собрани на забава заедно со донираните алишта потоа им биле предадени на членовите на семејството.

*Оценет со:* Фаза 5

*Изработиле:* Бојана Стојановска, Камелија анакиева, Марија Костадинова, Биљана Лазарова
*Дисеминатор:* Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Натпревар за насмевка**

Целта на овој проек беше помош на едно социјално загрозено семејство кое има членови кои се лица со лесна ментална попреченоста и кои живеат во тешки услови. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираа две активности. Првата беше пријателски натпревар со екипата на РК „Астра“ од М.Каменица. Втората активност беше организирање на собирна акција за собирање на стара облека.

Преку организацијата на овие активности собрани биле 2000 денари и три кутии стара облека. Со собраните средства од натпреварот младинците купиле мини шпорет, тепих и завеси и заедно со собраната облека им ги донирале на семејството.

*Оценет со:* фаза 5

Изработиле: Моника цонева, Сандра Митевска, Михаела Јанковска, Бојана Јанкуловска
*Дисеминатор:* Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Да дариме радост 2**

Целта на овој проект беше помош на едно инвалидизирано лице кое се здобило со тешки телесни повреди при сообраќајна несреќа. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале Божиќна забава, потоа собирна акција на стара облека, а исто така побарале и донации во облека од бутиците во Делчево.

Преку овие активности тие успеале да соберат 1400 ден, кои заедно со собраната и донираната облека биле подарени на лицето.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Марија Костадинова, Камелија Анакиева, Бојана Стојановска, Биљана Лазарова
***Дисеминатор:*** Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Со хуманост до светлина**

Целта на овој проект беше помош на три близначиња кои се напуштени од родителите и кои моментално живеат со нивната баба. За да ја остварат оваа своја цел волонтерите спроведоа собирна акција во сите одделенија на ОУ„ Св. Климент Охридски". Тие исто така доставиле и барања до поголемите фирми во Делчево со молба да донираат извесна сума на пари на жиро сметка на семејството.

Преку оваа акција младинците успееја да соберат 3300 денари со

кои потоа купиле основни прехранбени и хигиенски производи и ги донирале на семејството.

***Оценет со:*** 4 ++

***Изработиле:*** Наталија Стојанова, Елена Мијалковска, Сара Начова, Ангела Крстевска, Мартина Јорданова.
***Дисеминатор:*** Емилија Атанаосвска

## ООЦК Делчево

**Биди хуман, помагај им на луѓето**

Целта на овој проект беше собирање на финансиски средства за помош на едно социјално загрозено семејство без никакви примања. За таа цел, младинците организирале собирна акција на облека и обувки. Тие исто така посетиле и неколку фирми кои донирале средства за помош на загрозено семејство.

Преку овие активности биле собрани 2000 денари и со тие пари биле обезбедени храна, млеко и средства за лична хигиена за семејството. Преку овој мал, но несебичен гест младинците успеаја да им донесат барем малку радост и топлина на семејството на малите Борче и Кико.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Надица Стојковска, Моника Цонева, Бојана Јанкуловска, Марија Георгиевска, Бојана Манасиева, Марија Енѓовска.
***Дисеминатор:*** Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Сподели внимание-подари здравје**

Целта на овој проект беше помош на еден нивен сограѓанин кој на работно место се здобил со тешки повреди на колкот преку покривање на дел од трошоците за операција која требаше да се изврши во Р. Србија. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале поставување на штандови низ целиот град на кои луѓето ја покажаа својата хуманост и донираа. Тие исто така организирале и хуманитарна активност преку која биле собрани 62.000 денари. Сите собрани средства потоа биле донирани на нивниот сограѓанин.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Смилевска Ивана, Даневски Денис, Николова Симона, Димитрова Сања, Марковска Елена, Стојчевска Елена.
***Дисеминатор:*** Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Среќни и задоволни насмевки**

Целта на овој проект беше помош на едно четиричлено семејство од с.Стамер кое е социјално и економски загрозено и на чии што членови им е потребна помош. Ова семејство има две мали дечиња од кои едното било земено од службите на социјалното. Со цел да им помогнат, младинците организирале собирна акција преку поставување на кутии за донации во локалните продавници. Младинците исто така побарале и

донации од локалните продавници. Брегал Дооел од Делчево донирале детски перници за децата. Со собраните средства биле купени прехранбени производи кои потоа биле дадени на семејството.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Стефанија Ѓоргиевска, Јована Цонева, анстасија Димитровска, Сандра Стоиловска, Фросина Стојкова
***Дисеминатор:*** Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

### Среќно срце

Целта на овој проект беше помош на неколку лица со лесна физичка попреченост кои се без никакви месечни примања, корисници на социјална помош од Делчево.

За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале собирни акции во својот град преку поставување на кутии за донации. Преку оваа активност биле собрани 2000 ден. и пакети со алишта кои потоа им биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Марија Костадиновска, Биљана Лазарова, Викторија Петровска
***Дисеминатор:*** Емилија Атанасовска

## ООЦК Делчево

**Мало внимание за најслатките сладурчиња**

Целта на овој проект беше со донација на прхрамбени продукти, алишта и обувки да му се помогне на повеќечленото семејство со деца од 4 месеци до 6 години, без никакви месечни примања и корисници на социјална помош. За реализација на овој проект беа инволвирани соучениците на децата од ова семејство кои се согласија да помогнат со донација на алишта, обувки и исхрана. Преку оваа акција на донирање беа собрани алишта за децата од 4 месеци до 6 год. Исто така набавена беше и количка за бебето и остварено е исхраната за едно од децата во училиштето да е бесплатна до крајот на учебната година.

Оценет со: фаза 4

***Изработиле:*** Бојана Стојановска, Сандра Митевска, Викторија Михаиловска, Дарко Тамчевски, Александар Николовски, Ивица Ристовски, Камелија Анакиева.
***Дисеминатор:*** Емилија  Атанасовска

## ООЦК Кавадарци

**Сподели знаење, спаси живот**

Целта на овој проект беше воспитување и давање информации за половите заболувања и последиците од прераната несакана бременост на малолетни женски лица од ромска националност како и донирање на средства за лична хигиена. За да ја да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред организирале собирни акции во своите училишта преку кои

успеале да соберат 2500 денари и одредена количина на стара облека. Потоа младинците организирале презентација во просториите на ООУ Тошо Велков-Пепето во присуство на целната група и нивните родители. Со собраните парични средства биле купени производи за лична хигиена кои заедно со собраната облека биле донирани на лицата од целната група на крајот од презентацијата.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Зорица Ташева, Росана Соколова, Катерина Стафилова, Анастасија Цуцулова, Љубица Трајковска, Надица Богоевска,Марија Бојкова
***Дисеминатор:*** Проф.Богде Коцева

## ООЦК Кавадарци

**Чекор по чекор до целта**

Целта на овој проект беше да се помогне на Душанка –лице со посебни потреби, разубавување на еден нејзин ден и донирање на основни средства за живот. За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред организирале собирни акции во својот град. Преку хуманоста на овие ученици, родителите и сограѓаните била постигната оваа цел и биле собрани 5175 денари. Со собраните средства биле купени некои од основните намирници за подобар и поудобен живот на семејството.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Ивана Долева, Витанова Невенка, Стојановска Андријана, Снежана Димкова и Анета Ристова

***Дисеминатор:*** Богде Коцева

## ООЦК Кавадарци

### **Среќен сум кога можам да помогнам на другиот**

Целта на овој проект беше да им се помогне на децата со посебни потреби при ООУ Страшо Пинџур од Кавадарци, а воедно да им се пружи дружба и забава. За таа цел биле организирани неколку собирни акции за облека и обувки, исто така била овозможена мала финансиска помош од самите учесници за купување храна и приредување на мала забава. Покрај тоа биле засадени цвеќиња во саксии по повод 8-ми Март.

***Оценет со:*** фаза 4

***Изработиле:*** Елена Иванова, Ивана Гогова, Наташа Темова, Кристина Димовска, Сара Соленикова, Менче Крчева, Милица Карадакова, Ана Камчева, Мери Чоклева, Дијана Пејовска
***Дисеминатор:*** Богде Коцева

## ООЦК Кавадарци

### **Мала помош за голема среќа**

Целта на овој проект беше дружење и донирање на основни прехранбени продукти за да и се помогне на изнемоштената 78 годишна баба Рада која живее сама и добива многу мала социјална помош. За реализација на посакуваната цел младинците организирале собирна акција во своето училиште каде што сите ученици дале свој придонес во проектот.

Преку оваа акција биле собрани 700 денари со кои потоа биле купени основните потребни прехрамбени продукти за баба Рада .

***Оценет со:*** фаза 4

***Изработиле:*** Зориц а Мантева, Тања Митрова, Наталија Летникова, Наташа Антова
***Дисеминатор:*** Богде Коцева

## ООЦК Кавадарци

**Биди хуман, подади рака**

Целта на овој проект, беше да се соберат парични средства за набавка на диоптриски очила на малиот Стефан чие семејство е социјално загрозено. За да ја остварат оваа своја цел, младинците најпрво организирале собирна акција на средства во неколку бутици и продавници во нивниот град.

Преку оваа активност биле собрани 2000 денари со кои потоа биле порачани диоптриски очила за Стефан.

***Оценет со:*** фаза 3

***Изработиле:*** Душица Ристова, Мила Шошев, Теодора Грнева, Емилија Ташева, Благица Боцева, Марија Николова, Оливера Камчева
***Дисеминатор:*** Богде Коцева

## ООЦК Кочани

### Хуманост без граници

Целта на овој проект беше да му се помогне на дете на кое му е потребна очна операција. За да се изврши операцијата со која ќе закрепне потребни се големи финансиски средства. Поради невнимателност, една од сестрите го испуштила малиот Полат Алемдар од раце додека тој имал само 2 месеци. Како последица од падот левото око на Полат е повредено. За да ја остварат оваа своја цел младинците направиле два концерта кои биле одржани во Мултикултурниот центар во нивниот град.

Преку овие активности тие успеале да соберат 9500 денари. Со собраните средства потоа бил платен долгот на семејството кон болницата во износ од 6000 денари за претходната медицинска интервенција и биле донирани 3000 денари за следната операција.

***Оценет со:*** фаза 5++

***Изработиле:*** Тиана Јовиќ, Марија Костадинова, ана Ангелова, Александра Стоилкова, Ирина Дроздовска, Леа ристиќ, Марија Ѓорѓиева.

***Дисеминатор:*** Александар Панов

## ООЦК Кочани

### Биди хуман-подари рака

Целта на овој проект беше снабдување со основни продукти за живот на едно десетчлено семејство кое живее во тешки услови за живот, и во кое еден член од семејството боледува од карцином и слепило. За да се

реализираа оваа цел младинците организирале хуманитарна театарска претстава „Пепелашка“. Еден дел од тимот го пишувал сценариото, а другиот дел бил задолжен за продажба на карти. Од претставата биле собрани 2100 денари. Од овие пари беа купени: брашно, сол, шеќер, хигиенски средства, млечни производи и сл. кои потоа биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 5

***Изработиле:*** Мартина Иванова, Јована Стефановска, Благица Златкова, Панајота Гушкова, Горјан Иванов, Николија Јосифова, Ана Марија Хазурова.
***Дисеминатор:*** Александар Панов

## ООЦК Кочани

**Сигурен дом-сигурна иднина**

Овие младинци одлучиле да направат една голема хуманитарна акција со цел да и помогнат на својата соученичка и нејзиното семејство. Тие собирале доброволни прилози и продавале печатени талони по неопределена цена, донирале облека и сл.

Преку сите овие активности тие успеале да соберат 20.250 ден за својата соученичка Викторија и успеале да и помогнат во обновувањето на нејзината трошна куќичка купувајќи 750 блокови. На тој начин изнудиле насмевки, а исто така и помогнале на девојката и на нејзиното семејство.

***Оценет со:*** фаза 5

***Изработиле:*** Иван Павлов, Александар Петкова, Марија Петкова, Сашко Мицов, Ивана Кирова, Иле Гаврилов

***Дисеминатор:*** Александар Панов

## ООЦК Кочани

**Среќна Старост**

Целта на овој проект беше олеснување на тешкиот живот на старицата Мара од Кочани. За да ја остварат оваа своја цел младинците од Кочани организирале театарска претстава во домот на културата во Кочани.

Со продажба на влезниците успеале да соберат 6850 ден со кои потоа се купени прехрамбени производи, прозивдои за лична хигиена, УВ најлон, лекови, ќебе, прекривка за маца, свеќи и ламба на батерии, кои ги донирале на семејството.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Ангела Димиткова, Анѓела Стоимилова, Ана Митева, Христина Ристова, Димитар Милцов
***Дисеминатор:*** Александар Панов

## ООЦК Кичево

**Од креативни мисли до хумани цели**

Целта на овој проект беше помош за социјално загрозеното семејство Новачески од Кичево. Креативните способности на волонтерите придонеле да се изработат 60 пара обетки, картички и пет плетени шалови кои биле продавани на штанд на плоштадот во Кичево на Денот на жената.

Преку оваа активност собрани биле 5000 денари со кои потоа била

купена микробранова печка, прехрамбени и хигиенски производи за семејството Новачески.

***Оценет со:*** фаза 5+

***Изработиле:*** Емилија Илијоска, Розета Маркоска, Марио Петрески, Симона Китаноска, Андреј Стефаноски, Филип Димитиоски, Бисера Филипоска, Веле Анѓелески, Елеонора Наумоска, Симона Здравеска, Љубица Томовска
***Дисеминатор:*** Ивана Лазеска

## ООЦК Кичево

**Без наслов**

Целта на овој проект, беше да се помогне на социјално загрозено семејство Алиу од населбата Бичино со обезбедување на парични средства и ситна покуќнина . Тоа се обезбедило преку продажба на рачно изработени честитки за Нова година и Св.Валентајн.

Младите успеале да соберат 3000 денари и да усреќат едно семејство.

***Оценет со:*** фаза 5+

***Изработиле:*** Сарабда Мехмеди, Икмете Браими, Сание Браими, Линдита Балажи, Фјола Сефадини, Назие Алиу.
***Дисеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кичево

### Хуманоста меѓу најмладите

Целта на овој проект беше да се напише испечати и илустрира приказна која ќе се продаде со што ќе се помогне на едно социјално загрозено семејство од Кичево со купување на апарат за домаќинство, прехрамбени и хигиенски производи. За да се дојде до реализирање на поставената цел најнапред е напишана приказната, а потоа е најден волонтер за изработка на илустрациите. За два дена приказната била испечатена и пуштена во продажба. Со продажбата се собрале 8000 денари од кои потоа бил купен тостер, основни прехрамбени продукти и хигиенски производи кои биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 5+

***Изработиле:*** Кристина Цветкоска, Розета Маркоска, Бети Трпеска, Еми Илијоска, Симона Китаноска, Марио Петрески, Филип Димитријоски, Андреј Стефаноски, Веле Анѓелески,Бисера Филипоска, Елеонора Наумоска

***Дисеминатор:*** Ивана Лазоска

## ООЦК Кичево

### Едно колаче за една насмевка

Целта на проектот беше да се продадат 70 колачи и да се помогне на семејството Алими кои живееле во лоши услови. Добиени биле донации кои помогнале многу, но по две недели собирна акција, младите увиделе дека не се доволни. Потоа се организирала продажба на колачи и се собрале

11700 денари. Со тие пари се обезбедиле сите работи кои биле потребни на семејството Алими.

***Оценет со:*** фаза 5+

***Изработиле:*** Беса Кадриу, Џелза Челику, Албулена Адили, Агрон Селими, Валбона Далипи, Мухадин Емрулај.
***Дисеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кичево

**Хуманоста е светлина која допира секаде**

Целта на овој проект беше собирање на парични средства со кои му се помогна на Антонио од Кичево – бебе со попречување во видот. За да се оствари оваа цел, беше организиран фудбалски турнир во градската сала во Кичево. Вкупните сума на собрани средства од оваа активност изнесуваше 6150 ден. Со дел од овие средства потоа беа купени храна, влажни марамчиња и пелени за малиот Антонио, а останатите 4000 ден биле предадени на родителите.

***Оценет со:*** фаза 5

***Изработиле:*** Дујковиќ Ана, Божиновска Ана, Миладиновска Симона, Цветаноски Сашо, Стојановиќ Мартин, Срезоска Драгана, Китаноски Дејан, Стефановска Андриана.
***Дисеминатор:*** Лазеска Ивана

## ООЦК Кичево

**Спортот промовира хуманост**

Целта на овој проект беше помош на едно социјално загрозено семејство од Кичево. За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработуваа овој проект организирале ракометен натпревар во кој учествувале членовите на РК ГОГО. Натпреварот бил одигран во салата Јанчица и преку него младинците успеале да соберат 6900 ден. Со собраните средства потоа биле купени правосмукалка, основни прехрамбени продукти и хигенски производи, кои беа донирани на социјално загрозеното семејство во Кичево.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Емилија Илоска, Марио Петрески, Симона Китаноска, Андреј Стефаноски, Розета Маркоска, Филип Димитиоски, Бисера Филипоска, Веле Анѓелески, Елеонора Наумоска, Симона Здравеска, Кристина Цветкоска, Бети Трпевска.

***Дисеминатор:*** Ивана Лазеска

## ООЦК Кичево

**Децата-нашата иднина**

Целта на овој проект беше уредувањето на една соба во детскиот дел во Кичевската болница. За да ја остварат оваа своја цел младинците вклучени во овој проект организираа креативна работилница за подготовка на рачно изработен накит кој потоа го продаваа. Преку оваа активност тие успеале да соберат 3.750 денари, со кои потоа обезбедиле завеси, покривки,

чаршафи и сл. кои ги донирале на детското одделение на кичевската болница.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Диелза Сула, Блерина Зендели
***Дисеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кичево

**Да бидеме хумани**

Целта на овој проект беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство од селото Србеница. За да ја остварат оваа цел младинците изработија честички и рачно изработени украси и преку нивна продажба успеаа да соберат доволно средства за да обезбедат неколку апарати за домаќинството на горенаведеното семејство.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Рина Велиу, Доника Елези, Ардит Елези, Ардиана Даути, Егзон Максути.
***Дисеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кичево

**Со мал труд до голема радост**

Овој проект имаше за цел да им донесе насмевка на децата со

посебни потреби. За да ја остварат оваа цел младинците кои го изработија овој проект најпрво организираа работилница за изработка на честитки за дечињата, кои потоа ги продаваа на различни локации во градот. Со собраните средства од продадените честитки од работилницата беа купени 18 пара нараквици кои преставуваа нивен новогодишен подарок. На овој начин овие деца беа усреќени, а воедно беше даден и голем поттик за подигање на хуманата свест на заедницата.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Китаноска Симона, Илиоска Емилија, Маркоска Розета, Филипоска Бисера, Здравеска Симона, Наумоска Елеонора.
***Дисеминатор:*** Ивана Лазеска

## ООЦК Кичево

### Промоција на хумани вредности

Целта на овој проект беше да се помогне на социјално загрозеното семејство Бајрами од селото Дрогомишт. За да ја остварат оваа цел младинците по повод на Денот на вљубените, изработија 100 честички и 60 колачиња, и преку нивна продажба на Панаѓурот во Кичево со цена по 50 денари, успеаа да соберат доволно средства са да обезбедат кујна за горе наведеното семејство.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Антигона Ахмеди, Леонора Бајрами, Агнеса Абази, Флаурета Јонузи, Ардит Зечири.
***исеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кичево

**Помош за едно сиромашно семејство**

Како што кажува самиот наслов, целта на овој проект беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство од с.Србица. Преку продавање на маички, младинците успеа да соберат 2.200 денари со кои се обезбедија 2 јоргани, домаќински апарти и пластичен плакар кои потоа беа донирани на семејството.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Едуарта Зенку, Пеме Балажи, Егзона Летнику, Ардита Балажи, Линдита Зенку.
***Дисеминатор:*** Арта Емини

## ООЦК Кратово

**Мала солидарност-голема благодарност**

Целта на овој проект беше да се собере употреблива облека за сите возрасти од жителите на градот Кратово и донирање на истата облека на Ромите со православна исповед во селото Коњуж кои се социјално загрозени категории или невработени. Во рамките на проектот организирани биле неколку собирни акции во текот на месеците декември, јануари и февруари со помош на кои биле собрани голем број на парчиња облека и постелнина која е целосно употреблива.

Исто така била добиена и донацијата на храна од неколку продавници. Сите собрани средства потоа биле донирани на жителите од селото.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Далибор Цветановски, Мелиса Демовска, Магдалена Трајковска, Ивана Манева
***Дисеминатор:*** Лиде Стојановска

## ООЦК Кратово

**Актери аматери – волонтери за хуманитарни цели**

Со изведбата на драмата “Многу пари не се на арно” беа собрани средства за еден локален проект со наслов “Волонтерски сервис за помош на стари лица и лица со посебни потреби”. Притоа, требаше да се соберат финасии за да се смени кровната конструкција на Домот на пензионери.

За оваа цел да биде остварена, талентираните учесници во овој проект ја искористија својата надареност и организираа театарска престава во штотуку реновираното кино “Напредок”.

Претставата беше проследена од голем број на гледачи, а истата овозможи да се соберат дел од финансиските средства за помош на пензионерите.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Стефанија Тоневска, Далибор Цветановски, Маја Стоилковска, Методи Додевски
***Дисеминатор:*** Лиде Стојановска

## ООЦК Крушево

**И ние знаме за прва помош**

Целта на овој проект беше децата од дневниот центар за деца со интелектуална попреченост од Крушево да научат што е прва помош и како да помогнат во случај на незгода, да залепат ханзапласт, да исчистат мала рана и да повикаат 194, а воедно да научат да ракуваат со компјутер. За оваа цел да биде достигната, најнапред на децата од дневнот центар кој го реализираше овој проект им подари компјутер, кој беше дониран од страна на СОУ “Наум Наумовски - Борче”. Потоа бил организиран базичен курс по прва помош прилагоден на возраста и менталните способности на целната група.

***Оценет со:*** 4 +

***Изработиле:*** Елена Чакалар, Марија Наумоска, Тања Грца, Зуица Зерде, Љупче Николоска, Ивана Илиеска
***Дисеминатор:*** Мери Абаџи

## ООЦК Крушево

**Чистотата е половина здравје**

Целта на овој проект беше подигање на свеста за важноста на хигиената во превенцијата од различни болести кај децата. За да ја остварат оваа цел и да придонесат за зголемување на нивото на информираност за хигиена кај децата, младинците организирале едукација и презентација којашто испрати порака за хигиена кај младите. Презентацијата беше

извршена кај деца од ОУ Никола Карев од Крушево. Со овој проект се придонесе за подигнување на нивото на свесност за важноста на хигиена кај децата, а воедно беше донирана половна облека на 4 деца од социјално загрозено семејство.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Марија Наумоска, Елена Чакалар, Тања Грца, Зуица Зерде, Ивана Илиеска, Љупче Николоска
***Дисеминатор:*** Мери Абаџи

## ООЦК Крушево

**Да не ја сечеме гранката на која седиме**

Целта на овој проект беше будење на свеста кај граѓаните за значењето на дрвата и водите и кои би биле последиците од нивното уништување.

За таа цел било планирано организирње на забава во соработка со СОУ Наум Наумовски-Борче и ОУ Никола Карев во градскиот парк во Крушево на која на посетителите би им биле давани маички и флаери на кои би биле испечатени слогани за зачувување на животната средина.

***Оценет со:*** 2

***Изработиле:*** Бојан Миленкоски, Дијана Богдановска, Ани Налбантоска, Ица Сотироска, Петар Начески
***Дисеминатор:*** Мери Абаџи

## ООЦК Крива Паланка

**Со песна и оро да допреме до срцата на хуманите луѓе**

Целта на овој проект беше да се помогне на социјално загрозеното семејство Митревски. За да ја остварат оваа цел, младинците организирале хуманитарен концерт преку кој успеале да соберат 13 795 денари. Со овие средства потоа биле купени 2 столици, 2 пара патики, 2 пара тренерки, 2 блузи и основни намирници и кои потоа биле донирани на семејството

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Ана Петковска, Павела Стојковска, Климентина Крстевска, Ангела Јовановска, Марио Митовски, Иван Станковски
***Дисеминатор:*** Наталија Милковска

## ООЦК Крива Паланка

**Еден бакнеж со музика, роза и вино**

Целта на овој проект беше да му се помогне на социјално загрозеното семејство Јовчевски (70 годишен татко и лице со посебни потреби и 45 годишна керка). За оваа цел да биде остварена младинците организирале забава во дискотека, која била многу успешна и преку која успеале да соберат 8700 денари. Со собраните средства од оваа забава потоа бил купен телевизор кој бил дониран на семејството. Покрај телевизорот исто така биле донирани пакети со средства за хигиена кои биле добиени како донација од страна на државниот санитарен и здравствен инспекторат.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Даниел Максимовски, Деспина Петровска, Магдалена Георгиевска, Давин Нунев, Петар Стојановски, Настасија Николовска
***Дисеминатор:*** Наталија Милковска

## ООЦК Крива Паланка

**Подај рака и подари внимание**

Целта на овој проект беше помош на нивната сограѓанка Тања која е болна од мултиплекс склероза. За да ја остварат оваа цел младинците кои го реализираа овој проект организирале хуманитарен спортски натпревар. Преку оваа активност тие успеале да соберат 4830 денари, со кои потоа набавиле средства за лична хигиена, пижами, термо чорапи и овошје за Тања.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Ангела Јакимовска, Илчо Тасевски,Ана Петковска, Филип Пешовски, Ивана Герасимовска, Денс Мицевски.
***Дисеминатор:*** Наталија Милковска

## ООЦК Крива Паланка

**Делење чај за водици - грижа за старите лица**

Целта на овој проект беше подобрување на животот и здравјето на

старата болна баба Марика. За да ја остварат оваа цел, волонтерите на ООЦК Крива Паланка поставија пункт на кој делеа чај на денот кога се прославува верскиот празник Водици. Притоа собраа минимални средства во износ од 1000 денари и со нив, по желба на баба Марика, и купиле постелнина и храна.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Дамјана Цветковска, Христијан Младеновски, Марија Божовска, Рената Стаменковска, Филип Величковски, Ана Петковска, Ангела Јакимовска, Ивана Герасимовска.
***Дисеминатор:*** Наталија Милковска

## ООЦК Куманово

**Сите сме исти**

Целта на овој проектот беше да се иградат лулашки за децата во инвалидски колички (деца параплегичари) во Куманово. За да се постигне оваа цел, младинците организирале и успешно спровеле неколку собирни акции во неколку училишта во Куманово и побарале донации од фирми во нивниот град. Преку спроведените активности младинците успеале да соберат 52. 600 денари и со нив биле изградени специјални лулашки во центарот на градот. Останатите пари биле донирани за операција на 9 годишно дете со церебрална парализа.

***Оценет со:*** 5+ ☀

***Изработиле:*** Урим Алиу, Фатбарда Ислами, Енсида Сулејмани, Нита Зечири, Линда Мустафа, Мригона Алму, Вјолда Абази, Рина

Зечири, Ауда Амети, Арбенита Абази, Арбнор Рамадани, Валдрина Абази, Пранвера Мифтари.

***Дисеминатор:*** Генс Халити

## ООЦК Куманово

### Штафетни игри

Целта на овој проект беше промовирање на спортот како здрав стил на живеење кај младите. За таа цел бил организиран натпревар во штафетни игри во кој земале учество 12 екипи со по 3 члена од ученици во СОУ Перо Наков-Куманово. Собраните средства од котизацијата беа наменети за промовирање на спортот кај младите во Куманово, а на учесниците на крајот на натпреварот им биле доделени награди.

***Изработиле:*** Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски, Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Сани Росевска,Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски, Мартина Поповиќ, Сандра Јакимовска, Гоце Дамњановски

### Хуманитарен турнир

Целта на овој проект беше поттикнување на спортскиот дух кај младите во Куманово и обезбедување на соработка помеѓу клубовите. За таа цел организиран беше турнир во кошарка помеѓу К.К Миладиновци и КК Ринија во рамки на кој одиграни беа два пријателски натпревари.

***Изработиле:*** Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски,

Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Сани Росевска,Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски, Мартина Поповиќ, Сандра Јакимовска, Гоце Дамњановски

**Биди прецизен со хуманоста**

Целта на овој проект беше поттикнување активност кај младите, а со самото тоа и правилен развој на учениците од ОСУ Гоце Делчев-Куманово. За таа цел бил организиран натпревар во стрелаштво. Собраните средства биле наменети за подобрување на спортот во општина Куманово, а на учесниците им била доделена симболична награда.

***Изработиле:*** Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски, Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски, Мартина Поповиќ, Сандра Јакимовска, Сања Росевска, Марко Трајковски, Драгана Зафировска,Гоце Дамњановски

**Уличен баскет**

Целта на овој проектот беше да се пробуди свеста на младите во училиштата за важноста на спортот. За таа цел бил организиран турнир во кошарка на кој целна група биле учениците од 1-во до 4-то одделение од ЦОУ Перо Наков- Куманово. На турнирот учествувале 12 екипи.

***Изработиле:*** Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски, Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Сани Росевска,Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски,

Мартина Поповиќ, Сандра Јакимовска, Гоце Дамњановски

***забелешка:*** Овие четири проекти беа разгледувани како посебни проекти, но беа оценети како еден, со оглед на нивната заедничка цел, промоција на спортот помеѓу младите во Куманово

***Оценет со:*** 5++

***Дисеминатор:*** Марија Јовановска

## ООЦК Куманово

**Игри без граници со лица со интелектуална попреченост (2 дел)**

Целта на овој проект беше да се подигне спортскиот дух на младите во Куманово. Целната група на овој проект беа децата од дневниот центар со интелектуална попреченост до 18 години. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираа повеќе игри за овие деца, како држење книга на глава, протнување низ три обрачи, редење на импровизирани ѓевречиња на шише, делење на топки по боја во посебни кошеви. Целта беше постигната и тоа се гледаше со насмевката на лицата на учесниците.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски, Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Драгана Зафировска, Марко Трајковски, Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски, Мартина Поповиќ,

Сандра Јакимовска, Гоце Дамњановски
*Дисеминатор:* Марија Јовановска

## ООЦК Куманово

**Игри без граници со лица со интелектуална попреченост**

Целта на овој проектот беше дружење со 15 лица од дневниот центар Порака и 28 деца од Браќа Миладиновци кои се со интелектуална попреченост.

*Оценет со:* 4+

*Изработиле:* Сашка Краљевска, Бисера Момчиловиќ, Сергеј Јовчевски, Ирена Стошиќ, Маринела Илиевска, Сашо Анчевски, Дафи Антоновска, Драгана Зафировска, Марко Трајковски, Марија Веселиновска, Тони Богдановски, Никола Стојмановски, Никола Бојковски, Мартина Поповиќ, Сандра Јакимовска, Гоце Дамњановски, Сани Росевска, Билјана Митевска
*Дисеминатор:* Марија Јовановска

## ООЦК Неготино

**Бистриот поглед кон хуманоста**

Целта на овој проект била обезбедување на доволно финансиски средства за да се реализира ласерска операција, за да се поврати видот на малиот Ањур кој има само 10 години. Ањур има огромен диоптер на очите

и страбизам на десното око, што оневозможува да гледа. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале концерт и собирале донации во својот град. Преку овие активности тие успеале да соберат 1. 700 евра со кои потоа била уплатена операцијата на малиот Ањур во Европската очна болница.

***Оценет со:*** 5 ☀

***Изработиле:*** Ивона Атанасова, Ѓорги Јованов, Кирил Пашлаков, Атанаско Трајков, Симона Василева и Слаѓана Јефремова.
***Дисеминатор:*** Ристо Марков

## ООЦК Неготино

**Топол дом за потопла иднина**

Целта на овој проект беше реновирање на домот на семејството Алексови, составено од една самохрана мајка и нејзините пет деца, со што ќе им се овозможи безбеден покрив над глава. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале собирна акција од врата до врата и барале донации од градежните фирми во нивниот град. Преку спроведените активности тие успеале да набават една приколка песок, 300 кг вар, 10 кг поликолор, 7 вреќи цимент, гипс, перфликс и работна рака со што успешно се реновира куќата на семејството.

***Оценет со:*** 5++☀

***Изработиле:*** Иван Ѓорѓиев, Ивона Ристова, Блаже Ангелов, Ивана Николовска, Софија Илиевска и Викторија Арсовска
***Дисеминатор:*** Ристе Марков

## ООЦК Неготино

**Измами насмевка, затрепери нечие срце**

Целта на овој проект беше помош на 4 годишниот Идавер од село Криволак кој боледува од кила и на кого му е потребна итна операција. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале 8 собирни акции во своите училишта, како и во различни фирми во својот град. Преку овие активности младинците успеале да соберат 5000 денари, кои потоа ги предале на семејството за реализација на потребната операција.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Слободанка Спасова, Бојан Стојменов, Павлинка Ристова, Александар Станковиќ, Надица Атанасовска, Трајче Трајков, Жаклина Стојанова, Кирил Јанчев, Валентина Сенкова.
***Дисеминатор:*** Ристе Марков

## ООЦК Охрид

**Шанса**

Целта на овој проект беше описменување на 12 годишната Атина со што ќе и се овозможи првпат да тргне во училиште. За да ја остварат оваа своја цел, младинците го посветиле целото свое време и работеле заедно со Атина на нејзиното описменување, ги учеле буквите и бројките, вежбале читање, пишување и математика. За неколку мецеси успеале да и помогнат на Атина да научи сé што е потребно за да полага, со што потоа би можела да влезе во системот на редовно образование. Атина успешно ги положила

сите тестови за прво и второ одделение, и од септември треба да се запише во трето одделение во редовно училиште. Покрај ова на Атина и биле поправени сите заби од страна на еден стоматолог кој бесплатно и ги вршел сите контроли и поправки. Младинците на крај направиле и собирна акција и на Атина и донирале пакети со облека и школски материјали.

***Оценет со:*** 5 +++☀

***Изработиле:*** Ангела Ангеловска, Јетон Мусли, Дарко Милески, Христијан Николовски и Димитар Манчески
***Дисеминатор:*** Даниел Наумовски

## ООЦК Охрид

### Извор

Целта на овој проект беше обезбедување на финансиски средства за сите проекти кои беа реализирани во ООЦК Охрид во рамките на ПХВ циклусот 2012/2013. За остварување на оваа цел младинците кои го изработија овој проект организираа неколку забави помогнати од повеќе фирми. Покрај тоа се вршеше и информирање за ПХВ проектите и штетното влијание на цигарите кај луѓето. Сето тоа беше реализирано преку претстава и делење на флаери во Охрид. Преку овој проект беа собрани средства со кои беа иницирани останатите ПХВ проекти.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Димитар Манчев, Леа Новеска, Јован Цветкоски
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

### Како ми го уништија детството

Целта на овој проект беше собирање на средства за терапија на едно  6 годишно девојче од Охрид, болно од леукемија. За да ја остварат оваа цел младинците организираа мулти медијален хуманитарен спектакл: танц, музика, видео, светлосни ефекти и филм. Преку продажба на влезници за овој настан, младинците успееја да соберат 7000 денари, кои потоа ги предадоа на родителите на девојчето.Со тие средства покриен беше дел од вкупната сума потребна за терапија.

***Оценет со:*** 5+
***Изработиле:*** Марија Божиноска, Јетон Мусли, Катерина Ефтимовска, Наташа Трпкоска
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

### Радост

Уништените спортски реквизити, незаинтересираноста на родителите и децата за спортот и слабите финансии биле причина и поттик трите волонтери да го иницираат овој проект. Тие успеале да организираат спортски натпревар преку кој успеале да соберат 40 000 денари. Со собраните средства потоа тие купиле спортски реквизити за градинките.

***Оценет со:*** 5
***Изработиле:*** Анита Недеска, Стефани Данеска, Марија Симоноска
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

### Зраци

Целта на овој проект беше да се обезбеди телевозиор за дневниот центар за деца со посебни потреби "Зраци" од Охрид. За да го обезбедат потребниот телевизор, волонтерите кои го реализираа овој проект организираа забава во кафе "Ало". Преку оваа забава беа собрани 6000 денари со кои бил набавен телевизор кој потоа му бил дониран на семејството. Кога волонтерите го однеле телевизорот во домот, тие останале заднички со члeновите на семејството да гледаат еден спортски натпревар.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Дарко Милески, Крежеска, Марија Симоноска, Маја Митреска
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

### Мајка

Цел на овој проект беше да се помогне на две мајки со различни судбини, а ист проблем- социјалната загрозеност. За госпоѓата Афродита беа потребни облека и лулка за се уште нероденото дете, а за госпоѓа Снешка обезбедување на болничко сместуваење за неа и нејзиниот син Никола кој треба да прави операција на нозете. Целта се оствари со тоа што волонтерите од самата општинска организација собраа и подарија лулка, облека, играчки и пелени. Исто така младинците кои го реализираа овој проект организираа поволности и собраа средства за плаќање на престојот во болницата Св. Еразмо.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Стефани Танеска, Анита Недеска, Ирена Попоска
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

**Насмевка**

Целта на овој проект беше да се помогне на малиот Денис кој потекнува од социјално загрозено семејство и да му се обезбеди задоволително дентално здравје. За да ја остварат оваа своја цел, младинците стапиле во контакт со еден хуман стоматолог, др. Омеров, кој доброволно се нафатил да ги изврши сите потребни поправки на забите на Денис. Целокупната ревитализација на забите на Денис беше доказ дека реализацијата на замислата предизвикува убава насмевка и на лицето и во душата.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Магдалена Крешеска, Маја Митреска, Марија Симоноска
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

**Виолина**

Целта на овој проект беше обезбедување на виолина за ученикот Гаврил од ОМУ Методи Патче кој немал сопствена виолина, поради што

постоела веројатност да го прекине понатамошното музичко образование. Волонтерите со проектот успеале да најдат донатор кој ја исполнил целта и донирал виолина во вредност од 5000 денари.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Маја Митреска, Магдалена Кренеска, Јетон Мусли, Марија Симоноска.
***Дисеминатор:*** Даниел Наумоски

## ООЦК Охрид

**Прозорец**

Целта на овој проект беше на необичен и оригинален начин да се допре до луѓето и да се изработи документарен филм според претходно реализираниот проект “Подари нешто по кое цел живот ќе бидеш запаметен” . Целната група беа сите идни генерации кои ќе се посветуваат на ПХВ проектите. Заедно со Христијан, кој беше инспирација и целна група во претходните проекти, како и останатите волонтери во ООЦК Охрид беа поделени обврските и беше снимен документарен филм со трогателната вистинита приказна. Истиот потоа беше доставен со пренесување на авторските права на ЦКА ПХВ канцеларијата во Скопје.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Јован Цветковски, Леа Новевска и Јетон Мусли
***Дисеминатор:*** Даниел Наумовски

## ООЦК Прилеп

**Како што облеката е прекривка на телото, така телото е прекривка на душата**

Целта на овој проект беше обезбедување на потребните средства за реконструкција на урнатиот дом на семејството Јошевски, чиј кров беше урнат поради временските неприлики во Прилеп. За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработуваа овој проект организираа хуманитарна модна ревија. Во организацијата на овој настан, младинците успеале да вклучат неколку бутици за венчаници, матурски фустани и урбана облека, а отстапиле и неколку нивни модели да бидат промовирани на ревијата. Младинците потоа организирале и аудиција на волонтери кои би сакале да се појават во улога на модели на ревијата. За да обезбедат накит и аксесоари и да го комплетираат изгледот на моделите на ревијата тие побарале донации од неколку парфимерии и продавници за аксесоари, а од Прилепска Пивара добиле донација во сокови за освежување на присутните на настанот. За да ја уредат и декорираат сцената, младинците добиле донација во материјали од страна на една локална цвеќара. Исто така оствариле соработка и со фризерското и козметичко училиште во нивниот град, кои се погрижиле за изгледот и фризурите на моделите за време на ревијата. На оваа ревија учество зеле 32 модели од сите средни училишта во градот, а самиот настан го проследиле 300 гледачи. Преку оваа активност младинците успеале да соберат 7000 денари, со кои биле набавени материјали и успешно бил реконструиран кровот на домот на семејството Јошевски

***Оценет со:*** 5++☀

***Изработиле:*** Јованче Дамчески, Билјана Премческа, Антонио Ристески, Дајана Шемкоска и Андреа Аврамоска

***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

**Да им помогнеме на младите таленти!**

Целта на овој проект беше да се соберат што повеќе финансиски средства за издавање на книгата „Во текот на еден живот“ од средношколката Ангела. Ангела која со нејзината книга учествуваше на конкурс за необјавени ракописи и доби 15.000 денари награда што е една половина од вкупните потребни средства за издавање на книгата. За оваа цел да биде постигната беше организирана театарска претстава која ја проследија повеќе од 600 гледачи и преку која беа собрани 7450 ден.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Антонио Ристески, Билјана Премческа, Андреа Аврамоска
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

**Со хуманост до помирен сон**

Собирање на што е можно повеќе основни средства за живот на семејството Емрулески, беше цел на изработката на овој проект. Преку плакати и флаери беа известени прилепските граѓани за одржувањето на хуманитарната акција за собирање на облека, чевли и други некому непотребни предмети.

Исходот од превземените активности резултираше со 80%

реализација со тоа што беа собрани донации од облека, обувки, душек за спиење, постелнина, телевизор со вкупна вредност од 10.000 денари.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Бисера Бошкоска, Андреа Аврамоска
Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

**Донирајте за иднината на Вашите деца**

Целта на овој проект беше обезбедување на потребните средства на неонатолошкото одделение при општата болница „Борка Талески“ во Прилеп. За да ја остварат оваа цел, младите решиле да организираат неколу собирни акции на парични средства во нивниот град.

По завршените собирни акции во училиштата во градот биле собрани доволно парични средства за купување на 150 тетра пелени. Исто така преку донација од текстилните конфекции од Прилеп биле озбезбедени 55 парчиња шпикозни.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Билјана Премческа, Јованче Дамчески, Ивана Костадиновиќ, Дајана Шемкоска, Андреа Аврамоска.
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

### Да стартуваме за живот

Целта на овој проект беше обезбедување на парични средства за младата Наташа, на која веднаш по породувањето и започнале здравствените проблеми. За да се воспостави точната дијагноза и да се започне со лекување, Наташа морала да оди во Истанбул, Турција. За да ја остварат својата цел и да и помогнат на Наташа, младинците организирале турнир во баскет на кој учествувале вкупно 13 екипи или вкупно 60 натпреварувачи. Исто така во ноќниот клуб „Арт Кафе" била оддржана и хуманитарна забава на која свирел рок бенд од Охрид. Од котизацијата за учество на натпреварот и од влезниците за забавата биле собрани вкупно 7.800 денари кои биле уплатени на жиро сметката на младата мајка Наташа.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Јове Бекајапоски, Деспина Јовческа.
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

### Преку уметноста до хуманоста

Целта на овој проект беше да и се помогне на 39 годишната Весна, која е мајка на 2 деца и боледува од рак. Се лекува со примање на таблети еднаш дневно од кои една чини 80 евра и не е во можност истите да ги обезбеди. За да ја остварат оваа цел младинците организирале продавање на рачно изработени цртежи од ученици од графичкиот смер од СОУ„ Ристе Ристески-

Ричко". Со оваа интересна продажба беа продадени 19 цртежи по симболична цена од 200 денари и беа собрани 3.800 денари и истите донирани за лекување на Весна.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Андреа Аврамоска, Антонио Ристески, Дајана Шемкоска, Јованче Дамчески
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

**Разубавување на пензионерските денови**

Целта на овој проект беше разубавување на секојдневието на старите осамени лица кои се сместени во домот за стари лица „Киро Крстески-Платник" во Прилеп. За постигнување на посакуваната цел најпрво беа изготвени пакети мекици и слатки за старите лица. Потоа на пригодна забава низ игри со карти, заедничко читање на книги како и заеднички мали прошетки низ градот младинците се дружеа со старите лица. Со овие активности групата волонтери кои го изготвуваа овој проект се здобија со ново искуство, а секако успеаа да ги развеселат старите и да им внесат радост и среќа во нивното секојдневие.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Биљана Премческа, Јованче Дамчески, Анотнио Ристески, Бисера Бошкоска, Дајана Шемкоска, Андреа Аврамоска.
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

### Да ја вратиме Сара во училишна клупа

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства потребни за операција на малата Сара. Сара имала дијагностицирано тумор на мозокот и неопходна била операција во приватната болница„ Систина“ во Скопје. За реализација на оваа цел биле организирани собирни акции во училиштето преку кои биле собрани 5.700 денари како помош за операцијата. Со овие активности биле поттикнати и учениците од другите училишта да помогнат со што Сара била успешно оперирана.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Дајана Шемкоска, Андреа Аврамоска
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

### Сакај ја традицијата-може да го промени денот

Целта на овој проект беше да се соберат што е можно повеќе парични средства, со кои ќе се купат прехрамбени и хигиенски производи за достоен живот на малата Сара. За оваа цел да биде постигната рачно биле изработени мартинки кои биле продавани по скромна цена од 20 денари. Со ова биле собрани 2.500 денари кои биле наменети за Сара.

***Оценет со:*** 4
***Изработиле:*** Бисера Бошкоска, Андреа Аврамоска
***Дисеминатор:*** Марко Чурлиноски

## ООЦК Пробиштип

**Заеднички да помогнеме Самира да ја почуствува светлината на денот**

Целта на овој проект беше собирање на парични средства наменети за хируршки зафат на тримесечното бебе Самира. Самира боледува од катаракта на очите и и беше потребна итна операција. Со цел да и помогнат на малата Самира младинците кои го изготвија овој проект организираа собирни акции на кои се делеле топли напитоци, чај и кафе, колачи. Преку овие активности тие собрале 4.676 ден кои потоа ги уплатиле на жиро сметка на родителите на Самира.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Дијана Денчевска, Теодора Герова, Стефан Јонев, Дарио
***Дисеминатор:*** Сузана Митковска

## ООЦК Пробиштип

**Испружи ја раката за да спасиш живот**

Целта на овој проект е да му се помогне на 17 годишниот Иван кој е средношколец од Пробиштип, и кој е во недостиг на финансиски средства за потребна операција. За да ја остварат оваа цел младинците најнапред организирале собирни акции во својот град. Со три собирни акции биле собрани средства, но не доволно за да се направи оепрацијата. За да се обезбедат сите средства потребни за операцијата беше одржана и хуманитарна претстава.

Собраните средства од претстава беа уплатени на жиро сметката на неговиот татко и резултатот од овој проект беше очигледен, животот на Иван

беше вратен во нормален тек.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Јован Јордев, Атанасовска Елена, Никола Маџов, Бојана Мијалчева, Бојана Јовановска, Тамара Тоневска
***Дисеминатор:*** Сузана Митковска

## ООЦК Пробиштип

**Книгата е најголемо богатство, подари ја на тој што ја нема**

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на 15 едукативни книги за лицата со специјални потреби од Центарот за лица со специјални потреби со цел нивна подобра едукација. За успешно реалзирање на оваа цел беше организиран хуманитарен настан, меѓугенерациски натпревар во повеќе друштвени игри (пикадо, шах, домино, карти и табла). Преку овој настан беа собрани 1200 денари.

Потоа волонтерите се обратиле кај градоначалникот на општината од кој добиле 1500 денари. Со собраните средства беа набавени 15 едукативни книги за лицата со посебни потреби.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Бојана Мијалчева, Сара Милојчевска, Викторија Пеншовска, Стефанија Митовска, Ивана Алексова, Марија Жудова, Ивана Стојановска
***Дисеминатор:*** Сузана Митковска

## ООЦК Пробиштип

**Секој заслужува мало внимание**

Целта на овој проект беше собирање на средства за новогодишно изненадување за 9 ученици од паралелка за деца со посебни потреби од ООУ„ Браќа Миладиновци“. За реализација на оваа цел беше организирана хуманитарна забава за борба против ХИВ/СИДА. Со собраните средства се направиле пакетчиња за 9-те ученици. Овој проект придонесе во подигањето на општествената одговорност и свест за пружање на поголемо внимание на оваа целна група како и останатите целни групи во иднина.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Сара Милојчевска, Бојана Мијалчева, Ангела Јосифовска, Стефанија Златкова

***Дисеминатор:*** Сузана Митковска

## ООЦК Радовиш

**Животот е еден, премногу е вреден**

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство да остане цело и да се спаси животот на младата мајка Наташа од Радовиш, која страда од тумор на мозокот. За да се спаси здравјето на Наташа, потребно било итно лекување во Истанбул за кое нејзиното петчлено семејство немало средства. За да ја остварат оваа своја цел, младинците решиле да направат голем хуманитарен концерт на кој учество зеле голем број на музичари од Радовиш и кој го проследиле повеќе од 500 лица. Покрај ова, младинците

решиле да посетат и да побараат донации од голем број фирми во нивниот град. Преку сите овие активности, тие успеале да соберат 3 318 евра, доволно средства за да се покрие сместувањето и лекувањето на Наташа во Истанбул и да обезбедат 70% попуст на автобускиот билет до Истанбул. На крајот на месец јануари 2013 година, Наташа заминала на лекување. Денеска таа е повторно во добра здравствена состојба, заедно со своите деца.

***Оценет со:*** фаза 5 ++ ☀

***Изработиле:*** Драган Коцева и Ана Мартина Костадимова
***Дисеминатор:*** Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

**Донирај малку, помогни многу**

Целта на овој проект беше да се помогне на 5-членото социјално загрозено семејство Тодорови од Радовиш. За оваа цел да биде постигната беа изработени молби и барања за спонзорства кои потоа беа испратени до повеќе фирми и организации во нивниот град. Преку оваа акција биле собрани 3.045 денари со кои потоа биле купени прехрамбени и хигиенски производи, 2 прекривачи, а од спонзорите биле добиени 1 маса и 3 столици кои биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Ана Тунџиева, Ивана Ѓозева, Марија Крстева, Кристина Манаџиева
***Дисеминатор:*** Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

**Од срце до срце- со хуманост до човечност**

Целта на овој проект беше социјализација на лицата со интелектуална попреченост од дневниот центар „ Порака" до Радовиш, како и дружење и донирање на предмети кои се од голема корист за нив. За да се реализира овој проект, беа организирани две собирни акции во две училишта во Радовиш. Тие исто така добиле и донации од две правни лица во вредност од 2500 денари. Ден пред Бадник беше организирана продажна акција на која се собраа 1312 денари. Можеби донацијата беше мала, но сепак беше подарено од срце како што впрочем покажува и самиот наслов.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Ташкова Андреина и Анета Маренкова
***Дисеминатор:*** Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

**Помогни им- чувствувај се добро**

Целта на овој проект беше да им се достави една доза на инсулин на 10 стари лица, изнемоштени и инвалиди кои боледуваат од дијабетис. Со ова, целната група беше ослободени од чекање на ред и макотрпното патување до болницата.

***Оценет со:*** 4
***Изработиле:*** Димитар Стевчев и Гордана Крстева
***Дисеминатор:*** Милка Коцева

## ООЦК Ресен

### Подари внимание, подари насмевка

Целта на овој проект беше донирање кревет на социјално загрозеното семејство Џороски. Тие се четиричлено семејство, живеат без струја и основни услови за живот. За да ги соберат потребните средства, волонтерите од ООЦК Ресен обезбедиле материјали од локалните продавници за да изработат бомбоњери со порака и мудрости од различни области за животот. На креативен и интересен начин организираа акција за Денот на вљубените. Од оваа акција беа собрани 13 675 денари со кои бил обезбеден кревет.

***Оценет со:*** фаза 5++

***Изработиле:*** Елвира Кранли, Моника Богоевска, Цветанка Думовска, Даница Георгиевска, Марија Мицалевска, Сара Митревска, Елена Тановска
***Дисеминатор:*** Анца Радевска

## ООЦК Ресен

### Не секој го заслужува она што животот го спремил за него

Целта на овој проект беше помош на четиричленото семејство Трајчевски кое живее во лоши услови за живот. За да ја остварат оваа своја цел, младинците побарале донации од 22 различни фирми од Ресен. Преку оваа акција тие успеале да соберат 7000 денари со кои потоа купиле средства кои им биле потребни на семејството.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Емилија Илиевска, Дивна Стефановска, Стефани Михајловска, Сања Мишевска
***Дисеминатор:*** Аница Радевска

## ООЦК Ресен

**Да подариме спомени**

Целта на овој проект беше да се обезбеди финансиска помош на два ученика од четврта година околу трошоците за видеото и сликите за матурската вечер. За реализација на оваа цел беше организирана хуманитарна забава во едно од кафулињата во Ресен. Од оваа забава беа собрани 3578 денари кои беа употребени за покривање на трошоците околу матурата на Даниел и Даниела.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Билјана Петревска, Антонио Џаков, Катерина Главчевска, Марија Пецалевска, Ристе Марковски, Антонио Србиновски
***Дисеминатор:*** Аница Радевска

## ООЦК Св.Николе

**Моето срце е големо**

Целта на овој проект е да се обезбедат парични средства за две операции во Германија на тримесечното бебе Антоанета кое е родено со

срцева мана и е одгледувано само од својата самохрана мајка. За оваа цел да биде остварена, младинците се решија да организираат хуманитарна кино проекција.  Преку продажба на 500 влезници собрани биле 30 500 денари. Собраните средства потоа биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 5+

***Изработиле:*** Михаела Наќева, Ајлин Јашарова, Габриела Грозданова, Ивана Арсова, Марија Савева, Нена Николова, Надица Тасевска, Владимир Јакимовски, Кристијан Златев
***Дисеминатор:*** Ангел Андроников

## ООЦК Св.Николе

**Староста нека биде радост**

Целта на овој проект беше подобрување на условите за живот, разубавување на нејзината речиси распадната куќа и донирање прехрамбени производи на една стара и изнемоштена 64 годишна жена. За да ја остварат оваа цел, младинците се одлучиле да се консултираат со доктор бидејќи старата Деша се жалела на болки во раката. Тие направиле собирни акции во повеќе фирми од околината на Велес преку кои успеале да соберат 2500 денари. Со собраните средства потоа биле купени потребните материјали кои и биле донирани на Деша.

***Оценет со:*** фаза 5

***Изработиле:*** Ивана Марковска, Марија Цветкова,Сара Стаева,Зорица Ордева
***Дисеминатор:*** Ангел АНдроников

## ООЦК Св.Николе

### Хуманоста носи радост

Целта на овој проект беше помош на децата од ранливи категории семејства од с.Немењаци на кои им недостига училишен прибор. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале собирна акција и собирале доброволни парични прилози кај пазарот во Св.Николе, а во знак на благодарност на сите оние кои донирале средства им давале флаери со порака за благодарност. Преку оваа акција тие успеале да соберат 3000 денари со кои потоа купиле училишен прибор и им го донирале на децата.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Софија Иванова, Викторија Саздова, Јована Панова, Стефанија Лазева
***Дисеминатор:*** Ангел Андроников

## ООЦК Св.Николе

### Во поплавите хуманоста надоаѓа

Целта на овој проект беше да се помогне на Трајанка од с.Немањици чија куќа била најпогодена од надојдените поплави. За да и помогнат волонтерите на Црвен Крст, започнале со собирање барања за донации од продавниците за облека Пелистер и Сара Фешн и со собирање на користена облека од своите родители.

Заедно со оваа акција биле обезбедени основните прехрамбени и хигиенски производи како и душек за спиење кои и биле потоа донирани на Трајанка.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Викторија Саздова, Теодора Стојанова, Дарко Петков, Горјан Златев, Симона Спасевска
***Дисеминатор:*** Ангел Андроников

## ООЦК Св.Николе

**Со мала помош до големо дело**

Целта на овој проект била обезбедување на прехрамбени продукти и средства за лична хигиена како и облека за едно социјално загрозено семејство од населбата Ливади и Шутка од Св.Николе, кои биле загрозени од поплавите во периодот февруари-март.

За таа цел да биде остварена, младинците организирале акции за собирање на храна, облека и хигиенски производи донирани од локалните маркети и вработените во училиштата од Св.Николе. Собраните средства потоа биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Валерија Крстева, Маргарита Трајчева, Ангела Динева, Стефанија Стернова, Душица Трајчева, Роберт Алексов, Кристина Данилова, Ивана Марковска, Марија Цветкова, Сара Столева, Анастасија Ласовска, Емилија Марковска, Тамара Ѓорева, Антоанела Велкова, Елена Михајловска, Стефанија Митева, Викторија Саздова, Софија Иванова, Јована Панева, Кристијан Милевски
***Дисеминатор:*** Ангел Андроников

## ООЦК Св.Николе

**Pizza party-Дружење**

Целта на овој проектот беше разубавување на еден ден на лицата со интелектуална попреченост од Св. Николе. Целната група на овој проект биле лицата од 9 до 46 години кои го посетуваат дневниот центар за лицата со посебни потреби во Свети Ннколе. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале забава и дружење во центарот на градот, на која имало три фамилијарни пици, сокови и слатки. Резултатот бил многу позитивна енергија и голем број насмеани и задоволни лица.

Оценет со фаза 4+

***Изработиле:*** Софија Иванова, Нена Николова, Надица Тасевска, Симона Ставрева, Александра Стојанова,Ирена Ордева
***Дисеминатор:*** Ангел Андроников

## ООЦК Св.Николе

**Предновогодишни насмевки**

Целта на овој проект беше доделување на новогодишни пакетчиња за 7 годишната Ана Марија, 9 годишниот Мартин и 6 годишниот Дарјан кои живеат во с.Стањевци кое е одделечено 12 км од училиштето Кирил и Методиј-с.Ѓуѓанци каде учат. Со донација од маркетот Астра и книжарницата Зендолино беа направени 3 пакетчиња и училишен прибор кои потоа ми биле донирани на децата.

***Оценет со:*** фаза 4-

*Изработиле:* Стефанија Лазева, Јована Панева, Бојана Јанева, Емилија Јосимовска, Никола ДИнев, Стефан Коцевски
*Дисеминатор:* Ангел АНдроников

## ООЦК Струга

**Да бидеме факел на светлото за радоста на другите**

Младинците вклучени во изработката на овој проект имаа за цел да помогнат на социјалното загрозено семејство Дервиши од Струга. За да ја остварат оваа своја цел тие организиреле неколку собирни акции во својот град. Преку овие собирни акции успеале да соберат 26.445 со кои потоа купиле 5м3 огревно дрво и подароци за Нова Година на двете деца од семејството Дервиши.

*Оценет со:* 4++

*Изработиле:* Рилинда Исмаилиі, Гентина Рамадани, Хајрие Зиба, Ардит Рамадани, Албер Ибраими, Ардит Хани.
*Дисеминатор:* Азем Баута

## ООЦК Струга

**Насмеј се во животот на секоја личност затоа што тоа може да биде самата промена**

Целта на овој проект беше да се помогне на финансиски загрозеното семејство Велиу од селото Ладориште. За да ја остварат оваа цел, младинците организирале собирна акција на парични средства во

својата заедница.

Преку оваа активност младинците вклучени во изработка на овој проект успеаа да соберат 3200 денари со кои потоа обезбедија прехранбени артикли кои ги донираа на семејството.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Алба Положани, Арти Жута, Ајсер Крека, Валдрин Лога, Јехона Бонуши, Доника Шеху
***Дисеминатор:*** Азем Баута

## ООЦК Струга

**И болните заслужуваат цвеќе**

Целта на овој проект беше разубавување на празникот на жената за жените сместени во интерно одделение на Медицинскиот Центар.

За да ја остварат оваа своја цел, по повод 8-ми Март, денот на жената, младинците делеа цвеќиња на пациентките на интерно одделение на Медицинскиот Центар во Струга.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Кендриме Мехмеди, Енис Асани, Фјола Шеху, Кадрима Имери, Елиеса Жаку, Ериола Шеху
***Дисеминатор:*** Азем Баута

## ООЦК Струга

**Биди причинител за нечија насмевка**

Целта на младинците вклучени во изработката на овој проект, беше да им подарат новогодишни пакетчиња на децата од социјално загрозени семејства во Струга. Преку барање на донатори и спонзорства тие успеаја да соберат 3200 денари со кои обезбедија 30 новогодишни пакети, и со тоа усреќија 30 деца од социјално загрозени семејства.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Флоринда Аслани, Блеона Истрефи, Валдрин Арслани, Ера Арслани, Елиза Бајрами, Седа Волина
***Дисеминатор:*** Азем Баута

## ООЦК Струга

**Новогодишна желба**

Целта на овој проект беше да се сподели малку од празничната новогодишна магија со децата од дневниот престој “Порака нова”. За да ја остварат оваа цел, младинците најнапред организирале едно предновогодишно дружење со децата на кое кителе елка.

Преку заедничкото китење на новогодишната елка и разговорите со децата тие ги дознале новогодишните желби на овие деца. За да ги обезбедат подароците младинците потоа организирале хуманитарен концерт преку кој се собрале 15000 денари.

Со собраните средства потоа биле купени подароците кои биле доделени на дечињата на пригодна забава која била организирана еден ден

пред Новата година.

***Оценет со:*** фаза 4

***Изработиле:*** Кристина Блажевска, Божин Шаревски, Симона Клењоска, Даниела Несторовска
***Дисеминатор:*** Ангела Апостоловска

## ООЦК Струмица

**Креативно-едукативна работилница ”Радост”**

Целта на овој проект беше развивање едукативни и креативни вештини кај 12 деца од загрозени семејства од ромска националност од ОУ Маршал Тито и заедничко истажување на нивните потенцијали и потреби. За реализација на овој проект беше организирана едукативно креативна работилница на која се одржуваа часови по англиски јазик, математика, креативно пишување и работилница-Направи сам.

За реализацијата на оваа работилница беа остварени 4 часа по секој предмет, децата имаа можност подобро да изучат одредени вежби, како и подобро да се запознаат себе си и своите потенцијали преку креативно изразување на часовите.

***Оценет со:*** фаза 5++

***Изработиле:*** Роберт Дрвошанов, Васка Чорлева, Анастасија Џорлева, Анита Манчева
***Дисеминатор:*** Драги Човдаров

## ООЦК Тетово

### Со игра да помогнеме

Целта на овој проект беше да се донира компјутерска опрема на Здружението на лица заболени од церебрална парализа во општина Тетово. Исто така од голема важност беше и подигањето на свеста кај луѓето дека постојат лица со вакво нарушување на здравјето. За реализација на целта, младинците организираа компјутерски натпревар во средното училиште „Моша Пијаде“ каде што сите учесници за учество донирааа свој придонес во касите на Црвениот Крст. Преку овој натпревар беа собрани 8500 ден. од кои беше купена потребната компјутерска оперма.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Чедомир Костовски, Александар Ѓорѓески, Бојан Маџовски, Драган Апостолоски, Јован Стојановски, Васко Пулковски

***Дисеминатор:*** Маја Перовска

## ООЦК Тетово

### Да бидеме хумани

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за да се извадат лични документи на ученичката Виолета за таа да може да оди на операција за трансплатација на бубрег, а воедно и разубавување на нејзиниот 18-ти роденден. За оваа цел да биде постигната младинците организирале хуманитарна акција за собирање на стара облека и уште една собирна акција во Економско училиште во Тетово за собирање на парични

средства.

Преку овие акции и вложениот труд во истите биле собрани 3250 денари, од кои дел уплатени за вадење нов пасош, а останатите за роденденската забава на Виолета.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Бојан Маџовски, Чедомир Костоски, Александар Ѓорѓески, Аделина Рамадани, Елмедина Рамадани, Теодора Крстевска, Рената Ѓорѓеска.
***Дисеминатор:*** Маја Перовска

## ООЦК Тетово

### Неможат сите да спортуваат

Целта на овој проект беше собирање парични средства за купување на потрошен материјал за една паралелка на деца со попречен развој. За оваа цел да биде постигната младинците организирале хуманитарен фудбалски турнир на кој играле 12 екипи од Гимназиското училиште.

Преку оваа активност биле собрани 6000 ден. и со нив бил купен прибор за цртање и пишување за децата со интелекутална попреченост, како и пехар за победниците во турнирот.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Александар Ѓорѓески, Чедомир Костовски, Бојан Маџовски
***Дисеминатор:*** Маја Перовска

## ООЦК Тетово

### Да го исполниме сонот на Агрон

Целта на овој проект беше социјализација на Агрон, лице заболено од церебрална парализа и донирање на велосипед, кој е новогодишна желба Агрон. Со поставување на кутии за донации на различни места во градот успешно биле собрани 5000 денари со кои потоа бил купен нов велосипед за Агрон.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Арбер Ислами, Фисник Џелили, Натур Исмаили, Сафије Азизи, Земрије Адеми
***Дисеминатор:*** Агим Незири

## ООЦК Штип

### Срце на хуманоста и љубовта

Целта на овој проект беше младите да промовираат љубов, дружење и сплотеност кај граѓаните на Штип. Поттикнати од постојаните кавги, префрлања и поделеноста помеѓу луѓето, тие решиле да превземат акција која на крај би вродила со плод за сите. За да ја остварат оваа своја цел младинците пред Нова година изработувале честитки кои на продажна акција потоа биле продавани по симболична цена. Со собраните средствата потоа било платено печатењето на пораки за денот на вљубените. Потоа била организирана уште една продажна акција чии средства биле наменети за купување на дополнителни материјали. Резултат на овој проект биле Големото срце на љубовта и хуманоста на плоштадот и стотици насмеани

лица ширум Штип.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Рената Пенчева, Леонора Гоцева, Диме Ампов, Кристијан ивков, Елена Јорданова, Бобан Николов, Дејана Милева, Сандра Бошкоска, Тамара Доневска

***Дисеминатор:*** Василка Цинциева

## ООЦК Штип

**Жената е цвеќе, чувај ја!**

Целта на овој проект беше да се придаде важност на понежниот пол со тоа што ќе им се честита празникот и ќе им се приреди изненадување на наставничките и голема група на жени од Штип. За да ја остварат оваа своја цел, младинците првенствено преку собирна акција собраа средства за купување материјали за честитки.

Со купените материјали младинците потоа изработија осмомартовски честитки кои им беа подарени на дел од жените во Штип. На овој начин беа изнудени многу насмевки и убав празник 8-ми Март.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Диме Ампов, Рената Пенчева, Леонора Гоцева, Кристијан Живков, Драгана Златанова, Тамара Николова, ДЕјана Милева

***Дисеминатор:*** Василка Цинциева

## ООЦК Штип

**Стоп за семејно насилство**

Проектот беше започнат со цел да се поттикнат и поддржат оние кои се жртви на семејно насилство за да се пријават и да бидат заштитени и згрижени од соодветните установи, а воедно и да се доведе на повисоко ниво општествената свест на граѓаните. За да ја остварат оваа своја цел младинците иницирале одржување на презентации за борба против семејното насилство. Преку реализација на 6 презентации за борба против семејното насилство во 3 основни училишта, учениците беа запознаени со процедурата за пријавување на семејно насилство, а оние кои се жртви беа охрабрени да пријават.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Леонора Гоцева, Рената Пенчева, Диме Ампов, Кристијан Живков, Елена Јорданова, Бобан Николов
***Дисеминатор:*** Василка Цинциева

## Клуб на млади - Град Скопје

**Ние ве масираме, Вие донирајте**

Целта на овој проект беше да се пружи поддршка на младиот Денис, кој има исклучителен талент за музика, а е дете со оштетен вид згрижено во згрижувачко семејство и е ученик во специјалното училиште Димитар Влахов. За да ја реализираат оваа своја цел, младинците, кои се физиотерапевти и кои исто така се лица со оштетен вид, решиле да организираат хуманитарни масажи. Тие ги нуделе своите услуги на сите

заинтересирани граѓани кои за возврат донирале средства. Активностите ги спроведувале во рок од неколку недели и со собраните средства успеале да го купат посакуваниот синтизајзер и дополнителни компоненти (сталак и слушалки) како и нови патики и фризерски третман за малиот Денис.

***Оценет со:*** фаза 5 + ☀

***Изработиле:*** Кети Петреска, Кристијан Лазарев, Беира Селифоска и Неда Васева
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Младинската култура зачинета со хуманост во воздухот за посигурна иднина**

Целта на овој проект беше поддршка и хуманитарна помош на семејството Трпески преку обезбедување лекови, дрва за огрев и реконструкција на кровот. За оваа цел беше организирана хуманитарна свирка, проекција на кино филм, хуманитарна претстава и фудбалски турнир. Преку овие активност беа собрани потребните финансиски средства и истите беа донирани на семејството. Покрај ова младинците им подарија и лекови и облека. Исто така беше купен и мал електричен шпорет, како и три кубика дрва за огрев.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Филип Трајковски, Андреа Накова, Петар Костадиновски, Даниела Тодоровска
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**И малите работи, за некои значат многу**

Целта на овој проект беше разубавување на новогодишните празници и подигање на свеста на децата од Центарот за улица Кисела Вода за хигиенските навики. Учесници во проектот со кои се работело биле 37 деца од Центарот.

За остварување на целта биле организирани активности и работилници за изработка на честитки, биле одржани едукации за хигиенизација и биле поделени 37 хигиенски пакети (донации) на децата.

Подароците, биле причина за неизмерната среќа на децата, од која нема ништо повредно.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Александра Арсева, Теодора Ципушева, Марија Јовановска
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Кој вели дека слатките не носат среќа?**

Целта на овој проект беше обезбедување на средства за креативни работилници за лица со пречки во интелектуалниот развој. За оваа цел беа изработени слатки од страна на учениците и истите беа продавани во училиштето. Со финансиките средства од продажбата на слатките беа купени петнаесет пакетчиња пенкала заедно со комплети од акрилни и темперни бои, разновидна хартија како и табла за пишување и цртање со креди.

Сите овие средства беа наменети за креативните работилници кои се одржуваат до дневниот центар „ Порака“.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Софија Панева, Ана Арсовска, Никола Данев
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Сите сплотени во едно за помош на нашиот соученик Иван**

Целта на овој проект беше да се помогне на Иван и на неговото семејство полесно и поуспешно да ја преброди болеста, особено пост оперативниот период и да се врати во училишните клупи. Целната група на овој проект е 6 годишниот Иван кој учи во ОУ Круме Кепески. За оваа цел да биде постигната, била организирана собирна акција во училиштето, потоа следела продажба на новогодишни украси, била поставена касичка во продавници за донирање и правење на плакати за продавниците.

Преку овие активности биле собрани 22 000 денари за лекување на младиот Иван, кои потоа биле предадени на семејството.

Покрај ова овој проект се придонесе и за подигање на свеста и хуманоста кај учениците и информирање за работата на Црвениот Крст.

***Оценет со:*** фаза 4++

***Изработиле:*** Сара Митревска, Габриела Спасовска, Сандра Спасовска
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Да стоплиме нечие срце во ладната зима**

Целта на овој проект беше да се обезбедат финансиски средства и средства за хигиена со коишто на социјално загрозеното семејство Дамчевски од Скопје, кое брои 6 члена, ќе му бидат обезбедени пакети со храна и облека. За остварување на истата, младинците успешно организирале хуманитарни акции на три локации со кои се собрале донации на зачувана стара облека. Младинците исто така со меморандуми се обратиле за помош и до неколку фирми во Скопје. Со собраните средства биле направени хигиенски пакети кои потоа биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** фаза 4+

***Изработиле:*** Тамара Стојановска, Елена Ѓорѓиевска
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Заеднички спој. Амбициозноста на младите и искуството на старите**

Целта на овој проект беше да се придонесе во убавото секојдневие и да им се разубават празничните денови на старите лица од домот "Мајка Тереза". За да ја остварат таа цел, младинците кои го изработија овој проект организираа голем број на активности за дружење со старите лица, како кршење на лепче за празникот Бадник, готвење храна, изработување на честитки и оригами како и подарок витамини за старите лица. Со бесценетото поминато време, старите лица со насмевки и благодарност се потсетија колку е прекрасно да се биде млад.

***Оценет со:*** фаза 4

***Изработиле:*** Јана Димовска, Ненад Тодоровиќ, Андријана Волческа
***Дисеминатор:*** Невена Тасевска

## Клуб на млади-Град Скопје

**Јас сум дел од здрава планета**

Целта на овој проект беше организирање на еколошка едукација и чистење во ОУ„Никола Вапцаров“ заедно со учениците и наставниците. Со реализација на овој проект се подигна свеста кај учениците за екологијата и значењето на нашето однесување кон околината и општеството.

***Оценет со:*** 4 —

***Изработиле:*** Блерина Муча, Маригона Амети, Мерита Исаки, Севрџан Хунели
***Дисеминатор:*** Арбнора Етеми, Арбана Војка, Невена Тасевска

## ООЦК Центар

**Да изградиме мал мост на хуманост, чекор до човечноста**

Целта на овој проект беше изградба на рампа со која Славица која е лице во количка и која живее со својата внука под кирија, а се издржува од својата минимална пензија, ќе може полесно да излегува и влегува во куќата во која живее. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале изведба на претстава од страна на учениците од СУГС „Раде

Јовчевски Корчагин" – Скопје. Претставата со наслов *Долина на мечките* била подготвена од страна на нивните соученици кои со неа настапувале на гимназијадата. Поради големиот интерес за нејзина изведба младинците во договор со нивните соученици решиле да направат хуманитарна изведба и сите средства од продажбата на картите да се наменат за помош на Славица. Со продажба на билетите се собрале 11.000 денари. Со тие средства била изградена рампата и биле купени пакети со храна и хигиенски производи.

***Оценет со:*** фаза 5 ☀

***Изработиле:*** Мелани Ранчева, Кристина Стојановска, Тамара Чорбиќ
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**И во сон треба добрина да се прави**

Целта на овој проект беше да и се обезбедат апарати за домаќинство, антена, далечински управувач и лекови за да и го олеснат животот на Ајтен. Ајтен е лице со инвалидитет која живее сама и има 45 години. За да се соберат потребите средства волонтерите на ООЦК Центар организираа претстава „Животот е сон". Преку оваа активност беа собрани 12.000 денари со кои беа купени купени микробрнова печка, собна антена, средства за хигиена, а покрај ова беа собрани донации во облека и еден мобилен телефон кои исто така и беа подарени на Ајтен.

***Оценет со:*** 5+++

***Изработиле:*** Анастасија Демировска, Катерина Бојкова
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**Со љубов до топол дом**

Целта на овој проект беше да му се помогне на еден брачен пар од Скопје и да им се овозможат подобри услови за живот со обезбедување на неопходни прехрамбени и хигиенски производи како и апарати за домаќинство. За да се оствари оваа цел првенствено беше организирана работилница со децата од „ Мобилност" и „ 11 Окотмври" каде што нивните изработки потоа беа подарувани. Беа организирани и неколку собирни акции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" . Од овие акции беа собрани 5900 денари со кои се обезбедија прибор за јадење, шпорет и хигиенски пакети кои потоа беа донирани на семејството.

***Оценет со:*** 5+++

***Изработиле:*** Ангела Ангеловска, Филип Пепоски, Ангела Доневска, Димитар Петровски
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**Повторно сите заедно за Стефан**

Изработката на овој проект беше поттикната од идејата за помош на едно социјално загрозено семејство со дете кое боледува од церебрална парализа, а воедно и еден обид за подигање на хуманата свест на заедницата. За остварување на хуманата мисија, беа организирани повеќе оригинални и необични настани. На Филозофскиот факултет заедно со пријателите од невладината „ Млади за љубов" кои дадоа голем придонес ,

беше организирана активност така што за секоја донација волонтерите подаруваа гушкање. Во име на хуманоста се гушкаа и животните преку слична акција организирана во Скопската Зоолошка градина, а хуманата мисија заврши со организирање на хуманитарна свирка. Од сите овие настани оргнизирани за помош на Стефан беа собрани 11.594 денари и истите искористени беа за купување на електричен шпорет и пакети со храна.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Александар Стојаноски, Ивана Стојаноска
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**Секој има право на топол дом**

Целта на овој проект беше да му се помогне на социјално загрозено семејство од с.Волково со подобрување на нивните услови за живот. За таа цел да биде постигната бил организиран фудбалски турнир во СУГС „ Р.Ј.Корчагин", каде биле пријавени 16 екипи, а секоја од нив дала по 500 денари за партиципација за учество. Со собраните средства младинците овозможиле да се залепат плочки во кујната на ова семејство. Воедно, во соработка со Промес тие успеале да добијат и одредена донација во прехрамбени производи која била предадена на семејството.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Лука Мадиќ, Кристијан Каруловски
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**За ведри детски игри, здрави насмевки и радости**
**Со хуманост до поубав престој**
**Да ја вратиме детската насмевка**

Целта на овие три проекти со една заедничка цел беше да се обезбедат материјални средства за купување на чаршафи, пешкири, навлаки за перници за оддел во Институтот за белодробни заболувања кај децата-Козле. За успешно реализирање на оваа цел, младинците кои ги изработуваа овие три проекти организираа забава, креативна работилница во Клубот на Млади по повод 8-ми Март и продажба на материјалите, продажба на колачиња, организација на наградна игра и неколку собирни акции во нивната општина.

Со собраните средства од сите овие активности беа обезбедени 40 чаршави, 57 пешкири и 35 навлаки за перница.

***забелешка:*** овие три проекти беа разгледувани како посебни проекти но беа оценети како еден поради нивната заедничка цел.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Магдалена Блажеска, Александра Јосимовска, Анастасија Демировска, Тамара Марковиќ, Марија Костова, Ангела Атанасоска, Мирјана Плотникова, Антонина Јаковљев, Јане Вељаноски, Стефан Димовски, Филип Србиноски, Бошко Соколов и Ивана Стамевска.

***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**Магија одблиску- со илузија до хуманост**

Целта на овој проект беше да се обезбедат средства за две мали деца Нина и Дарин кои боледуваат од ретко митохондријално заболување. За оваа цел да се оствари, бил организиран хуманитарен настан кој опфаќал илузионистичко шоу приредено од 6 членови на НМАМ како и настап на два бенда. Преку оваа активност вкупно биле собрани 17.000 од кои 13.750 биле уплатени за целната група, и останатите трошоци биле наменети за подмирување на трошоците за организирање на настанот.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Иван Темелковски, Андреј Славковски
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Центар

**Хумани за Филип**

Целта на овој проект беше да му се помогне на 18 годишниот Филип кој при скок во вода го скршил седмиот вратен пршлен и како последица на тоа останал парализиран. Биле направени неколку активности за реалзизација на оваа цел како: продажна акција, креативна работилница и хуманитарна журка. Со сите овие хуманитарни настани биле собрани 15.000 илјади и истите се донирани на семејството на Филип.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Зорица Илиевска, Марко Димитров
***Дисеминатор:*** Роска Јовановиќ

## ООЦК Гази Баба

**13 хумани џуџиња**

Целта на овој проект беше да се обезбеди помош на двочлено семејство кое живее во тешки услови од с.Трубарево и едно четиричлено семејство со 3 дечиња за кое се грижи нивниот татко. За да ја остварат оваа своја цел младинците сами подготвиле и извеле една хуманитарна претстава со наслов „ Снежана и седумте џуџиња". Преку реализацијата на оваа активност беа собрани вкупно 8.403 денари со кои потоа беа купени две мали шпоретчиња и два прехрамбени пакети кои беа донирани на двете семејства.

***Оценет со:*** 5+++

***Изработиле:*** Ана Врелова, Јован Гаковски, Матеј Станојевиќ, Викторија Тодоровска, Александра Мицевска, Андреј Аневски, Памела Настевска, Марија Тодосова, Милош Стефковиќ, Марија Димковска, Андриана Симоновска, Ненад Спасиќ, Марио Стојчевски
***Дисеминатор:*** Кристина Војновска

## ООЦК Гази Баба

**Од децата за децата**

Целта на овој проект беше разубавување на Новогодишните и Божиќните празници на една група деца од социјално загрозени семејства

од територија на Гази Баба. За оваа цел да биде постигнат беше организирана креативна работилница за изработка на новогодишни честитки, плакати и флаери, а се собираа играчки во училиштето и прехрамбени производи во Дисконтот Тинекс. Преку овие активности беше обезбедена донација од 5 пакети со прехрамбени производи од собирната акција во „Тинекс“, беше обезбедена донација од шест вреќи со играчки и новогодишни украси и сите овие донации беа поделени на социјално загроезените семејства.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Мила Поповиќ, Анастасија Панчевска, Ангела Попадиновска, Зарија Ристеска
***Дисеминатор:*** Кристина Војновска

## ООЦК Карпош

**Заедно за почиста средина**

Целта на овој проект беше уредување на дворот во ООЦК Карпош и помош во многу активности на ООЦК и другите ПХВ проекти. Александар и Бојан изработија канти за отпадоци од стари автомобилски гуми, ја уредија фонтатана во дворот и внатрешноста на ООЦК Карпош. Целна група на овој проект беа сите посетители на ООЦК Карпош и самите младинци кои го изработувале проектот.

***Ј ( специјален ПХВ проект )***

***Изработиле:*** Александар Василевски и Бојан Трајковски
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Направи и ти проемна во твоето општество**

Целта на овој проект беше да им се подобри престојот на дневно болните лица во Градската болница 8-ми Септември. За да се оствари целта, беше поставен штанд во шопинг-центарот “City Mall” каде што по симболична цена се продаваа рачно изработени новогодишни честитки, свеќници и накит. Со поставување на овој штанд беа собрани 41.318 денари од кои потоа беа купени три инвалидски колички и еден инхалатор и истите потоа беа донирани во Градската болница.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Зехра Вишко и Дрин Реџепи
***Дисеминатор:*** Ален Осман

## ООЦК Карпош

**Сите сме еднакви**

Целта на овој проект беше да им се помогне на сите корисници на дневниот центар за лица со церебрална парализа. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале хуманитарна изведба на театарска претстава„ Погодете кој доаѓа на вечера“ во универзалната сала. Резултатот беше 1000 посетители и собрани 27.250 денари со кои потоа биле набавени потребните материјали кои потоа биле донирани на центарот.

***Оценет со:*** 5++

*Изработиле:* Стојан Стојановски, Хава Бајрми, Клаудија Ѓорѓиевска, Фросина Ацевска
*Дисеминатор:* Ален Осман

## ООЦК Карпош

**Инхалатори за здрави деца**

Целта на овој проект беше да се набават инхалатори и други потребни материјали за болницата за детски белодробни заболувања- Козле. Со голема заинтересираност и ангажираност беше поставен собирен штанд со кутии за донации и беше организирано хуманитарно кино во кое беше проектиран романтичен филм преку што беа собрани 5700 денари. Со собраните средства беа обезбедени два инхалатори кои ќе помогнат во лекувањето и рехабилитцијата на голем број дечиња сместени во болницата за детски белодробни заболувања- Козле.

*Оценет со:* 5

*Изработиле:* Мариела Клековска, Филип Филиповски, Андреј Наумовски
*Дисеминатор:* Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Што очекувавме, а што направивме?**

Целта која беше зацртана за овој проект беше помагање и

намалување на ранливоста на децата без родители сместени во згрижувачки семејства при МЦСР Скопје. За оваа цел најнапред беше одржан состанок со одговорното лице од МТСП Скопје каде што беше дефинирана целната група. Беа спроведени 6 собирни акции во 3 основни училишта каде се собираа храна, облека и финансиски средства како и хигиенски материјали. Донираните производи беа оставени во просториите на ООЦК Карпош каде што потоа беа доделени на децата во згрижувачки семејства.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Ивана Крстиќ, Јана Гочевска, Михаела Јованова, Борјан Стојковски
***Дисеминатор:*** Марија Стојковска

## ООЦК Карпош

**Мало внимание за големо благодарам**

Нашата цел беше да помогнеме на две социјално загрозени семејства со кујнски апарати и хигиенско прехранбен пакет. За да ја остварат оваа цел, младинците организирале хуманитарна забава во локалот "Чек ин". Картите се продавале низ средните училишта на територија на ООЦК Карпош. Како бенд поддржувач се согласил да настапува бенд од СОС детсткото село. Преку оваа активност биле собрани 5564 денари со кои потоа биле набавени хигиенски пакети кои биле донирани на семејствата.

***Оценет со:*** 4++
***Изработиле:*** Катерина Станковска, Теодора Маневска
***Дисеминатор:*** Ален Осман

## ООЦК Карпош

**И староста може да биде убава**

Целта на овој проект беше да се подобрат условите во домот за стари лица “Мајка Тереза” од Злокуќани и дружење со старите лица сместени во домот. За оваа цел да се постигне, била организирана акција со касички во три училишта ОУ Лазо Трпоски, СУГС Никола Карев, ГУЦ Здравко Цветкоски. Од оваа акција биле собрани 5560 денари, со кои бил купен телевизор, а воедно била приредена и забава за старите лица од домот.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Ванеса Лазарева, Симона Фидановска, Ана Стаменковиќ
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Заедно се се може**

Целта на овој проект беше да им се обезбеди потребна помош на четири членото социјално загрозено семејство. За таа цел да биде остварена била спроведена собирна акција на парични средства. Преку оваа активност биле собрани доволно парични средства со кои биле набавни прехранбени производи, тенџерија и столче за работна маса кои потоа биле донирани на семејстото.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Ема Манасиевска, Ангела Тасиќ, Ангела Мојсовска, Огнен

Динев, Бобан Николовски, Давид Ханџиски
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Сите имаме право на подобро**

Целта на овој проект беше помош за социјално загрозеното семејство од босанска националност – Демир, преку обезбедување храна, греење и разни други основни средства за живот. За да се усреќи седумчленото семејство, беа одржани собирни акции во неколку училишта и маркети преку кои се собраа 3707 денари. Беа одржани и акции за собирање на стара облека, а во пресрет излезе и индустријата за сувомеснати производи УКА која донирала производи. Со собраните парични средства беа обезбедени греалка и прехрамбени производи кои потоа биле донирани на семејството.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Аделиса Личина, Сара Бабачиќ, Џанета Колиќ, Аида Садиковиќ, Давуд Реџиќ, Даријан Реџиќ, Дамир Реџиќ
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Заедно можеме повеќе**

Целта на овој проект беше покривање на дел од финансиските трошоци за очната операција на 7 годишно дете со оштетен вид од село

Бykoвич. За да се постигне оваа цел беа рачно изработени срца по повод “Денот на Вљубените” и продадени во организиран штанд во City Mall.

Преку оваа активност биле собрани 3000 денари кои потоа биле предадени на родителите на детето.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Иман Бајрами, Даниел Ѓорѓиевски
***Дисеминатор:*** Ален Осман

## ООЦК Карпош

**Заедно за враќање на видот на малиот Мемет**

Целта на овој проект беше да се помогне на 7 годишниот Мемет од село Букович, кое има потреба од извршување на операција на очите. За да се постигне таа цел, младинците организираа хуманитарна забава, од која успеале да соберат 2371 денари кои потоа ги донирале на семејството на малиот Мемет.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Катерина Станковска, Клуб на Млади на ООЦК Карпош
***Дисеминатор:*** Ален Осман

## ООЦК Карпош

**Хуманоста на дело**

Целта на овој проект беше подобрување на животот на социјално

загрозеното семејство Костовски од Кисела Вода. За оваа цел да биде остварена, била организирана театарска детска хумористична куклена претстава во градинката Пролет.

Со собраните 4500 денари од спроведувањето на оваа активност, била купена машина за перење која била потоа донирана на ова семејство.

***Оценет со:*** 4

***Изработиле:*** Николина Елисковска, Евгенија Трифуновска
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Мало добро за големо добро**

Целта на овој проект беше помош на 89 годишната баба Љубица од Карпош, Козле, која е во лоша здравствена состојба и неподвижна. Младинците вклучени во овој проект ги олесниле страдањата на баба Љубица со тоа што помагале во домашните обврски, купувале прехрамбени производи, дрва за огрев и помогнале во нејзината социјализација во период од 3 месеци.

***Оценет со:*** 4-

***Изработиле:*** Стојан Стојановски, Клаудија Ѓорѓиевска
***Дисеминатор:*** Ален Осман

## ООЦК Карпош

**Прва помош во домот**

Целта на овој проект беше намалување на последиците настаните од повредите во домот кај најмалите членови на семејството. Во овој проект беа инволвирани 11 мајки на деца до 8 годишна возраст од 11 семејства. Овие 11 семејства имаа можност да се стекнат со основно знаење за прва помош.

***Оценет со:*** 4 - -

***Изработиле:*** Николина Елисковска, Евгенија Трифуновска
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Со хумано срце до подобра иднина**

Целта на овој проект беше обезбедување на потребна помош за двочлено семејство од Нерези. За таа цел за тригодишното девојче беше обезбеден бесплатен престој во градинка, облека за мајката и девојчето, играчки и едукативни сликовници и боенки.

***Оценет со:*** 3

***Изработиле:*** Николина Елисковска, Евгенија Трифуновска
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Карпош

**Биди умен биди хуман**

Целта на овој проект беше обезбедување на помош во храна, облека, обувки и играчки на 3 социјално загрозени семејства од Карпош – Скопје. За таа цел беше организирана дводневна собирна акција во ОУ Јан Амос Коменски, којашто резултираше со многу донации од храна, облека, обувки и играчки.

***Оценет со:*** 3

***Изработиле:*** Живко Колевски, Тијана Додов, Виктор Штерјовски, Леандра Киселички, Деница Стојкоска
***Дисеминатор:*** Марија Стојкова

## ООЦК Кисела Вода

**По навика сум хуман...ама ако**

Целта на овој проект беше да му се обезбеди парична помош за лекување на 18 годишниот Боро кој боледува од парализа на рацете и нозете здобиена по тешка несреќа. За таа цел да биде остварена беше одржан хуманитарен концерт на кој присуствуваа 300 посетители и на кој настапуваа познати музички бендови.

Од овој концерт, штандовите на манифестацијата ″Златна бубамара″, собирните акции во СЕПУГС Васил Антевски-Дрен и од донација од СУГС “ Орце Николов” беа собрани вкупно 49000 денари, кои потоа беа донирани на семејството на Боро.

***Оценет со:*** 5++

***Изработиле:*** Џулиана Василевска, Никола Јанев, Никита Ташевска, Кристијан Грамов
***Дисеминатор:*** Илија Глигоровски

## ООЦК Кисела Вода

**Од децата за децата**

Овој проект беше започнат со цел да се помогне и да се подготви мало изненадување за лицата од специјалното училиште "Димитар Влахов" и здружението на лица со посебни потреби ''Мобилност". За таа цел, беа организирани 10 работилници во 3 основни училишта на територија на ООЦК Кисела Вода на кои учествуваа 260 деца и беа изработени повеќе од 400 творби. Потоа беше организирана и продажна акција каде беа продавани творбите.

Од продажбата на изработките собрани беа средства во вредност од 13080 денари, со кои подоцна беа купени потребните помагала за училиштето " Димитар Влахов".

Во продолжение на овој проект беа изведени две театарски претстави на кои со помош на актери кои ги глумеа Дедо Мраз и Баба Мразица им беа поделени новогодишни пакетчиња на овие целни групи.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Џулиана Василевска, Никола Јанев, Никита Ташевска, Катина Мицова, Викторија Бежовска.
***Дисеминатор:*** Глигоровски Илија

## ООЦК Кисела Вода

**Од срце до срце, со хуманост до човечност**

Целта на овој проект беше помош на Лидија од Велес чиј стан беше потполно опожарен. За да ја остварат оваа своја цел, волонтерите кои го реализираа овој проект побараа помош од Тинекс маркетите кои им овозможија поставување на штанд во нивните маркети. Младинците исто така организираа и собирни акции во училиштата на територија на ООЦК Кисела Вода како и во приватното средно училиште "Јахја Кемал". Преку овие акции беа собрани вкупно 12000 денари со кои потоа беше набавен фрижидер кој и беше дониран на Лидија.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Тамара Стојановска, Елена Ѓорѓиевска
***Дисеминатор:*** Илија Глигоровски

## ООЦК Кисела Вода

**Биди хуман, подари љубов**

Целта на овој проект беше дружба со Цветанка која заради дијабетисот го изгубила видот, како и преку дружба да се оттргне од осаменоста и депресијата кои и ги донела болеста. Преку дружењето со волонтерите од ООЦК Кисела Вода како и со младата Беира која исто така е слепо лице, на Цветанка и беше подарена насмевка, беше информирана за работата на Црвениот крст. Беира и Цветанка споделија искуства преку кои Цветанка се запозна со нови начини на забава и добро распоредено време, со дружби во нови организации и со тоа како полесно да се ориентира во

просторот.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Ивона Ѓорѓиева, Теа Несторовска
***Дисеминатор:*** Илија Глигоровски

## ООЦК Кисела Вода

**Помогни, можеби и тебе некогаш ке ти треба помош**

Целта на овој проект беше да се обезбеди потребна помош во храна, облека и хигиена за три семејства од територијата на ООЦК К.Вода. За таа идеа беа организирани собирни акции во неколку училишта на територијата на која дејствува ООЦК К.Вода. Преку овие акции беше собрана помош која потоа беше дистрибуирана до семејствата.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Кристијан Грамов, Андреј Тошевски, Никола Јанев, Благојче Ивановски, Тамара Стојановска
***Дисеминатор:*** Илија Глигоровски

## ООЦК Кисела Вода

**Со зумба до хуманост**

Целта на овој проект беше да внесе ведрина во животот на Мелек која е заболена од церебрална парализа. Во соработка со танцовиот

спортски клуб “Бранимир и Бранкица” беше одржана работилница на која членовите од здружението на лица со церебрална парализа “Мобилност” имаа можност да научат Зумба. Подоцна, беше одржана работилница за изработка на накит за истата целна група.

*Оценет со:* 3

*Изработиле:* Јанев Никола, Ташевска Никита, Грамов Кристијан
*Дисеминатор:* Илија Глигоровски

## Клуб на Млади - Шуто Оризари

**Со здрави заби со здрав живот**

Целта на овој проект беше зголемување на оралното здравје и поттикнување на посета на стоматолог за изработка на протези кај пензионерите од Клубот на Пензионери при општина Шуто Оризари. По извршената анкета и одредувањето на целната група, ПХВ тимот пристапи кон остварување на целта. Беа одржани работилници за орално здравје. Специјално беше подготвен и информативен-едукативен камп, а со клиниката за стоматологија “Св. Пантелејмон” беше постигнат договор за користење на нивните услуги бесплатно во времетраење од 3 недели (Вторник и Петок) од страна на пензионерите од Клубот на пензионери при Шуто Оризари.

*Оценет со:* 5+

*Изработиле:* Емран Јонуз, Мануел Мустафа, Тимотеј Милевски, Денис Мустафа
*Дисеминатор:* Мануела Демир, Силхан Саитов

## Клуб на Млади - Шуто Оризари

**Со мала поддршка до среќни лица**

Целта на овој проект беше да се обезбедат основни средства за живот на едно сиромашно ромско деветчлено семејство од населбата Топаана. За оваа цел да биде постигната, беа организирани 2 хуманитарни собирни акции од кои едната по повод Денот на вљубените, а другата на пазарот во Шуто Оризари.

Со овие собирни акции беа собрани 6000 денари кои беа искористени за купување на прехрамбени и хигиенски производи, покуќнина како и донација на душек од "Дормео" на семејството.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Кенан Таир, Маризела Исеинова, Ферик Сулејманов, Сибела Зеќирова
***Дисеминатор:*** Мануела Демир

## Клуб на Млади - Шуто Оризари

**Информирање и мотивирање на млади Роми од страна на млади Роми**

Целта на овој проект беше да се зголеми информираноста и мотивираноста на учениците од осмо одделение да се запишат во средно образование како и помош на учениците од прво до осмо одделение во совладувањето на училишниот материјал.

На корисниците на овој проект им беше понудена помош во совладување на потешкотиите по математика, пишување есеи и т.н. Исто така беше одржана и креативна работилница за учениците од прво до

четврто одделение за полесно совладување на таблицата за множење и латиничната азбука.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Пашија Фејзула, Сузана Џемаили, Медина Џемаили, Џенета Мустафа
***Дисеминатор:*** Мануела Демир, Емран Зекир

## ООЦК Чаир

**Да им подариме на децата детство**

Целта на овој проект беше изградба на детско игралиште на децата од селото Љуботен. Овој проект беше остварен така што самите волонтери направија хуманитарна претстава, самите го смислија текстот и самите го глумеа. На претставата присуствуваа и група на деца и млади од различни етнички групи. Од претставата беа обезбедени само дел од средствата потребни да се изгради игралиштето, но мајсторите доброволно се нафатиле да го изградат игралиштето за тие средства што биле собрани од претставата.

Децата од селото Љуботен денес имаат простор каде може да го поминуваат своето слободно време.

***Оценет со:*** фаза 5 ++ ☀

***Изработиле:*** Сандра Стаменова, Бригита Шамир и Елма Чосовиќ.
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин и Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Бесплатен курс на албански јазик за волонтерите коишто не говорат албански јазик**

Целта на овој проект беше помош во совладувањето на албанскиот јазик со цел слободна комуникација на волонтерите кои не говорат албански јазик, а кои имаат потреба од негова употреба во текот на волонтирањето и реализација на нивните активности. За да се постигне оваа цел младинците кои го изработија овој проект организира часови кои се одржуваа во саботите без потреба од надоместок. Комуникацијата и пишувањето на 17 волонтери на албански јазик беше олеснет земајќи ги предвид постигнатите резултати од проектот.

***Оценет со:*** 5+.

***Изработиле:*** Фјола Златку,Нора Беќа, Едита Селими,Дренуша Рамадани.
***Дисеминатор:*** Вјоса Исмаили.

## ООЦК Чаир

**За мојот другар Дејан**

Целта на овој проект беше да се обезбедат што повеќе работи за уредување на станот на малиот Дејан како и обезбедување храна и облека за него, неговиот татко и тетка. За оваа цел да биде постигната, во училиштето во кое учеше Дејан беа организирани 3 собирни акции. Овие собирни акции беа од поинаков карактер и преку нив беа собрани облека за Дејан, мебел и прибори за јадење како и јоргани, ќебиња, перници, завеси и сл. Сите собрани средства беа потоа донирани на семејството на Дејан.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Азра Дедиќ
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Од срце за малиот Денис**

Целта на овој проект беше да се обезбедат храна и облека за тримесечното бебенце Денис, чие семејство е во лоша финансиска и здравствена состојба. За да ја остварат  оваа цел, младинците се обратиле до повеќе производители на детска храна и побарале донации. Преку оваа акција овозможиле да добијат 6 кутии вештачко млеко. Тие исто така организирале собирни акции во СУГС "Арсени Јовков" , како и собирни акции во населбата.

Покрај донацијата на млеко, се обезбедил пакет облека за Денис, 2 вреќи облека за неговите мајка, татко, брат и сестра, купиле две греалики и обезбедиле дополнителна медицинска помош со тоа што една сестра од Поликлиниката – Ченто ќе прави редовна домашна контрола се додека бебето не наполни 15 месеци.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Азра Дедич, Јован Стојановски, Един Халим
***Дисеминатор:*** Мирела Дрљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

### Денар за среќа

Целта на овој проект беше обезбедување на финансиски средства за поддршка на ЦКА – ПХВ проектите кои се реализираа во ОО на црвен крст – Чаир во циклусот 2012 – 2013. Целна група на овој проект беа младите волонтери од ОО како и децата од интернатот во с. Љубонци, децата од републичкиот завод за рехабилитација и децата од с. Луботен – ОУ "Лиман Каба". За поддршка на овие три проекти беа организирани собирни акции на повеќе подрачја и училишта, и се бараа донации од АД Бутел. Со овие активности беа собрани финансиски средства за поддршка на три проекти со 20474 денари собрани преку донации и донацијата на АД бутел од 20000 денари.

***Оценет со:*** 5+

***Изработиле:*** Зерина Дрпљанин, Јован Стојановски, Един Халими
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

### Да го покажеме светот преку Филм

Целта на овој проект беше да се обезбедат карти за во кино за ранливи категории на деца на територија на Чаир. За да ја остварат оваа цел беше склучена соработка помеѓу клубот на млади на ООЦК Чаир и кинотека – Скопје и беше остварен договор преку кој 30 деца од различни ранливи категории (хендикепирани деца, деца без родители, деца со пречки во развојот, деца од социјално загрозени семејства и сл.) ќе можат да ги

користат услугите на кинотеката.

На овие деца преку посетата на кинотеката им беше овозможено социјализирање и едукација, како и забава заедно со нивните семејства и волонтерите на ООЦК Чаир.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Адила Рамиќевиќ
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Забавата придонесува за вредности во општеството**

Целта на овој проект беше одржување на 2 креативни и интерактивни работилници со по 20 деца со посебни потреби од “ Иднина ” заедно со нивните родители, а воедно и поголемо вклучување на лицата со посебни потреби во општеството.

Преку овие работилници, освен за забавата, децата со посебни потреби беа поддржани и упатени да аплицираат за бенефиции од соодветни иституции и беше поттикната изградбата на рампата во ООЦК Чаир, за полесен пристап од самите лица со посебни потреби.

***Оценет со:*** 5

***Изработиле:*** Фјола Златку, Нора Беча, Едита Целими, Амра Алија, Дренуша Рамадани
***Дисеминатор:*** Вјоса Исмаили, Мирела Дрпњанин

## ООЦК Чаир

**Фамилија Шутковиќ**

Целта на овој проект беше да му се обезбеди храна, обувки и дрва за огрев на самохраната мајка и нејзините три деца: Алма, Сабина и Амар. За таа цел беа реализирани собирни акции во ОУ “П.З-Пенко” и ОУ “Рајко Жинзифов”. Преку собирните акции беа обезбедени прехрамбени производи и хигиена, а донации од фирми беа обезбедени обувки и 4 кубика дрво.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Санела Качику, Ајка Мујовиќ
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Среќни, незаборавни и драгоцени мигови поминати со децата од заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје**

Целта на овој проект беше разубавување на деновите на децата од “Заводот за рехабилитација на деца и младинци” како и да им се докаже дека сите сме еднакви под ова небо. За реализација на оваа цел беа организирани 2 собирни акции во основното училиште “Васил Главинов” за набавка на материјали кои беа потребни за понатамошна реализација на проектот. Со успешно реализираните акции за децата од Заводот беа обезбедени 10 новогодишни пакетчиња, 4 пакети играчки, 30 цедиња со музика и ДВД.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Теодора Ѓорѓиоска, Тамара Арсовска
Дисеминатор: Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Помош за Сејмеството Исмаили**

Целта на овој проект беше обезбедување на потребна помош на 5 – членото сејмество Исмаили кое живеело во шатори и во тешки услови покрај реката Серава. Ова семејство имало потреба од храна, облека, хигиенски средства, мебел постелнина и сл. Со организирање на хуманитарна забава во кафулето “Гас” во старата скопска Чаршија на која биле собрани 4840 денари и со дониран мебел од г.Љупчо и г-ѓа Јулијана, ПХВ тимот на ООЦК – Чаир успешно го реализираа овој проект.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Ирена Николоска, Љубиша Марковиќ
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Од најстарите за најмалите**

Целта на овој проект беше да се обезбедат рачно плетени капи и шалови за 91 дете од селата Малино, Танушевци и Брест, и да се обезбедат хигиенски и прехрамбени пакети за 10 социјално најзагрозени сејмејства.

За реализација на овој проект младинците имале помош од Клубот на жени пензионерки во Чаир и корисниците на Дневниот Центар за стари лица на Црвен Крст Чаир. За обезбедување на потребните материјали, т.е. волница, биле организирани собирни акции за донирање на парични средства во Клубот на млади при ООЦК Чаир. По одржаните работилници за плетење од страна на пензионерките, вклучените волонтери заедно со дисеминаторите почнале со плетењето на капите и шаловите за децата. Покрај ова волонтерите испратиле и барање до фирмата за облека "Тетекс" и до "Даути Комерц". Со обезбедените донации, тимот на ООЦК Чаир успеале успешно ја реализирале целта на проектот.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Азра Дедич, Амела Дрпљанин, Кристина Пијаковска
***Дисеминатор:*** Мирела Дрљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Капка крв – капка живот**

Целта на овој проект беше зголемување на бројот на млади крводарители кои живеат на територијата на општина Чаир, нивна мотивација и охрабрување за да го победат стравот од иглите и крвта. За оваа цел да биде постигната, во просториите на ООЦК Чаир, беа организирани 3 презентации за крводарувањето и значењето на крвта. Преку овие обуки кои ги проследија 63 млади луѓе беше подигната свеста кај младата популација, зголемен беше бројот на крводарители кои за прв пат даруваа крв и обезбедени беа 33 крвни единици.

***Оценет со:*** 4++

***Изработиле:*** Мирела Шкријељ
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Сите го разбираат јазикот на танцот**

Целта на овој проект беше создавање на здрави општествени односи помеѓу учениците од различни националности од О.У "Петар Здравковски Пенко", преку формирање на стабилна танц група, така насловена " Chicas y Muchachos ". Кореографијата која е совладоа 20 младинци од VI – VIII одделение, преку редовни часови на танцување, беше изведена при преставата " Модерните Девојки " во ДХО Даре Џамбаз.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Фјола Златку, Лавдрим Цајани, Аргенд Буши
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Подарок е насмевка**

Целта на овој проект беше да се обезбеди храна, облека и играчки за 10 социјално загрозени семејства од општина Гевгелија. За да се оствари оваа цел, беше организирана собирна акција во хотелот "Аполонија" во Гевгелија за обезбедување на храна, облека и играчки. Оваа акција беа вклучени децата од програмата "Ден со природата", друштвото Глоу, КУД Бојмија како и сите граѓани што донираа. По успешната акција, донираната

облека, храна, играчки беа предадени на 10-те семејства.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Моника Милкова
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Подигање на свеста за здрави животни навики КАРДИО ВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА (мерење на шеќер во крвта )**

Целта на овој проект беше подигање на свеста на населението за заштита на здравјето, особено за кардио васкуларните заболувања преку делење на совети од страна на стручни лица и делење на пропаганден материјал. По детално истражување , со анкетирање на ученици и општото население, тимот на ООЦК Чаир ја достигна целта. Било испратено барање до аптеката Голмунд која обезбедила ленти за мерење на шеќер во крвта кој им биле потребни за извршување на мерењето организирано во Дневниот Центар при ООЦК Чаир, помогнато од вработените сестри Деса и Изабела. Исто така, во ординацијата на д-р Г.Шолдовски во Ч.Сандево било извршено исто вакво мерење.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Александра Лошковска, Ирена Барџовска, Мартина Павличкова
***Дисеминатор:*** Вјоса Исмаили, Мирела Дрпљаини

## ООЦК Чаир

**Убави спомени со децата од интернатот при ОУ ” Гоце Делчев ”**

Целта на овој проект беше да им се обезбедат боенки и сликовници на децата од интернат при ОУ “ Гоце Делчев ” во с. Љубакум на возраст од 7 до 13 години. По завршената работилница за изработка на накит кој бил продаван во училиштето каде учат волонтерите кои работат на овој проект, биле собрани 1178 денари. Целта била исполнета. Потоа волонтерите му помогнале на малиот Стефан, кој не знаел да чита. Обезбеден бил и компјутер, кој бил купен со парите од собраната аукција која ја органирале ООЦК Чаир за исполнување на потребите на другите.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Ирена Барџовска, Мартина Павличкова, Александра Лошковска
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**За потопол и поубав дом на сејмеството Фета**

Целта на овој проект беше обезбедување на потребната помош на 5-членото сејмество Фета. Ова семејство живеело во лоши услови, без струја и вода, и во многу тешки услови за живот. Единствено примање им е социјалната помош која изнесува 2200 денари. По собирни акции во основните училишта на територија на Општина Чаир, тимот им донирал 6400 денари. На сејмеството им бил дониран и мебел, обезбедени од ОО, а од собраните парични средства биле купени 2 кубика дрво за огрев и една

греалка. Тимот на ООЦК Чаир се уште го посетува ова семејство.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Ајхан Рамадан, Ања Дамеска
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

## ООЦК Чаир

**Заедно за Един Демирковиќ**

Целта на овој проект беше да се обезбедат парични средства за операција на 20 годишниот Един кој во немил настан се здобил со сериозна повреда на неговата нога. За постигнување на посакуваната цел, беа организирани собирни акции во две средни училишта на територија Чаир како и една хуманитарна забава. Со 5-те успешно реализирани собирни акции и хуманитарната забава за овој проек беа собрани 60.990 денари кои потоа му беа донирани на Един за лекување.

***Оценет со:*** 4+

***Изработиле:*** Арзу Адили, Ана Оџова, Зерина Дрпљанин
***Дисеминатор:*** Мирела Дрпљанин, Вјоса Исмаили

# ООЦК СО БРОЈ НА ОСТВАРЕНИ ПРОЕКТИ

| | |
|---|---|
| ООЦК Берово со | 4 проекти |
| ООЦК Битола со | 4 проекти |
| ООЦК Македонски Брод со | 1 проект |
| ООЦК: Валандово со | 5 проекти |
| ООЦК Велес со | 8 проекти |
| ООЦК Виница со | 2 проекти |
| ООЦК Гевгелија со | 3 проекти |
| ООЦК Гостивар со | 3 проекти |
| ООЦК Демир Хисар со | 6 проекти |
| ООЦК Дебар со | 6 проекти |
| ООЦК Делчево со | 9 проекти |
| ООЦК Кавадарци со | 5 проекти |
| ООЦК Кочани со | 4 проекти |
| ООЦК Кичево со | 11 проекти |
| ООЦК Кратово со | 2 проекти |
| ООЦК Крушево со | 2 проекти |
| ООЦК Крива Паланка со | 4 проекти |
| ООЦК Куманово со | 7 проекти |

| | |
|---|---|
| ООЦК Неготино со | 3 проекти |
| ООЦК Охрид со | 9 проекти |
| ООЦК Прилеп со | 9 проекти |
| ООЦК Пробиштип со | 4 проекти |
| ООЦК Радовиш со | 4 проекти |
| ООЦК Ресен со | 3 проекти |
| ООЦК Св.Николе со | 7 проекти |
| ООЦК Струга со | 5 проекти |
| ООЦК Струмица со | 1 проекти |
| ООЦК Тетово со | 4 проекти |
| ООЦК Штип со | 3 проекти |
| Клуб на млади-Град Скопје со | 8 проекти |
| ООЦК Центар со | 8 проекти |
| ООЦК Гази Баба со | 2 проекти |
| ООЦК Карпош со | 16 проекти |
| ООЦК Кисела Вода со | 6 проекти |
| Клуб на Млади - Шуто Оризари со | 3 проекти |
| ООЦК Чаир со | 17 проекти |



Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ШКА-ПХВ
KKA-PVH

www.skopje-redcross.org.mk